*Јосифовски Јонче*

# ТЕОРИЈАТА НА ПОЗНАНИЕТО И ФОРМАЛНАТА ЛОГИКА КАЈ ЈУГОСЛОВЕНИТЕ ОД XIX ВЕК ДО II СВЕТОВНА ВОЈНА

## ПРЕДГОВОР

Пред да преједеме кон излагањето на нашата тема треба да дадеме одговор на неколку принципиелни прашања без чие претходно решавање е невозможна една научна историја на теоријата на познанието и формалната логика воопшто, а кај нас, Југословените, посебно.

Несомнено е општоприфатено гледиштето дека теоријата на познанието и формалната логика се дициплини на филозофијата. Констатирајќи го овој факт, ние не навлегуваме во денес мошне актуелната дискусија за предметот на формалната логика, за нејзиниот однос кон филозофијата[1]). Ние овдека условно ќе го подразбираме под формална логика оној нејзин вид кој се има оформено од ренесансот наваму, а кој може да се нарече и традиционална школска логика[2]) при што во ренесансот ќе се сретнеме и со сколастичката форма на логиката, а само кај некои од нашите современи логичари и со нејзиниот модерен вид — математичката логика. Така сфатена логиката е дисциплина на филозофијата. Затоа овдека треба да се направат некои претходни забелешки за филозофијата и историјата на филозофикјата, како и за националните филозофии и историите на националните филозофии, пред да говориме за проблемите на историјата на теоријата на познанието и формалната логика во Југославија кои главно ќе бидат решени со решението на претходната проблематика.

Иако прочуениот германски филозоф и историчар на филозофијата В. Винделбанд смета дека на дефиницијата на предметот на филозофијата треба да ѝ претходи излагањето на нејзината историја[3]) ние ќе му дадеме право на Словенецот Михајло Ростохар кој смета дека на секое излагање на историјата на филозофијата треба да му претходи

---

[1]) В. Јонче Јосифовски, Разбирања и недоразбирања за формалната логика, Годишен зборник на Филозофскиот факултет во Скопје за 1962, стр. 53—86.

[2]) Bochenski-Menne, Grundriss der Logistik, 2-te Aufl. Paderborn 1962, S. 11.

[3]) B. W. Windelband ,Geschichte der Philosophie, Die Philosophie in Beginn des zwanzigsten Jahrhunderts, Heidelberg 1907, S. 553, В. и предговорот на Враницки на W. Windelband, Povijest filozofije, Kultura — Zagreb, 1956, str. 31.

една дефиниција на филозофијата[4]). Секој историчар на некоја наука мора да го претпостави предметот на науката чија историја ја излага па макар и во вид на работна хипотеза која понатаму, на крајот на излагањето ќе се коригира. Но со секоја претпоставка на предметот на филозофијата за кој постои меѓу филозофите најразлични и често сосема спротивни мислења[5]) се определува не само изборот на материјалот во историјата на филозофијата, туку и самиот нејзин предмет, интерпретацијата на материјалот, распоредот итн. Така од позитивистот Милош Милавановиќ напишаната историја на филозофијата[6]) ќе ги занемари како објективните идеалисти така и материјалистите, а најголеми филозофи ќе и бидат Џ. Ст. Мил, О. Конт, Х. Спенсер; А. Базала во својата тритомна „Историја на филозофијата"[7]) ќе ги форсира идеалистите и емпририокрисичарите, а ќе ги премолчува колку може материјалистите и криво ќе ги интерпретира, додека авторите на руската „Историја на филозофијата"[8]) иследувањето на филозофијата ќе го претворат во социолошкото иследување и тоа предимно на материјализмот.

За нас филозофијата е форма на општествената свест, идеологијата (Маркс) и тоа онаа во која се третираат најопштите прашања на светот и животот, а со тоа и најопштите, излезните ставови на науката кои таа ќе ги прифати без претпоставки[9]). Историјата на филозофијата ни ја прикажува борбата за изградба на научниот поглед на светот и животот и таа во класното општество носи во крајна линија класен карактер, а се одразува во борбата на материјализмот и идеализмот. Застапувајќи се за материјалистичката филозофија, ние не смееме да ги испуштиме од пред вид познатите зборови на Ленин дека идеализмот не е глупост[10]), дека мудриот идеализам е поврeден од глупавиот материјализам и поблизок до умниот ,т. е. до дијалектичкиот материјализам.[11] Тоа ќе не варди од крајностите и недооценувањата. Во врска со ова треба да се каже дека историјата на филозофијата е процес кој се одвива врз базата на општите закони на развојот на општеството, но кој има и свои специфичности па историчарот на филозофијата предимно мора да води сметка за да се избегне грубото социологизирање, кое води во изнасилување на фактите од името на априорни шеми.

Следното прашање што ни се поставува гласи: дали може да станува збор за национални филозофии во онаа смисла во која може

---

[4]) В. Mihajlo Rostohar, Ideje o zgodovini filozofije južnih Slovanov, Veda, I/1911, str. 56, заб. 1.

[5]) В. Јонче Јосифовски, Што е марксистичка филозофија, Култура — Скопје 1961.

[6]) В. Милош Миловановић, Философија и наука у историском развитку свом, коло II, књ. IV и V.

[7]) В. A Bazala, Povjest filozofije, Zagreb 1906—1912.

[8]) В. История философии в шестих томах. Изд. АН СССР, Институт философии. Под ред. М. Дыника и др. Москва 1955—1963.

[9]) В. поподробно за нашето сфаќање за предметот на филозофијата во брошурата наведена под заб. 5.

[10]) В. В. И. Ленин, Филолофские тетради, ОГИЗ Москва 1947, стр. 230.

[11]) Op. cit., стр. 258.

да станува збор за национални книжевности, уметности и сл.? Или можеби и со филозофијата е случај како и со одделните науки кај кои не може да се зборува, на пример, за англиска физика, немска хемија итн.? Факт е дека речиси е невозможно да се зборува за грчка геометрија, иако оваа кај Грците била високо развиена, додека секој зборува за грчка филозофија, германски класичен идеализам, француска материјалистичка филозофија. Од друга страна, очигледно е дека не може да се зборува за англиска сколастика, руски марксизам итн. Оваа употреба на термините укажува на една гранична позиција на филозофијата меѓу науката и уметноста. Но тука има и нешто посуштествено. За грчка филозофија може да се зборува повеќе во смисла на тоа дека таа е дело на старите Грци, нивниот мисловен гение кој успеал филозофијата да ја издвои од митските дифузни сфаќања, да ја поврзи со одделните науки кои имено во нејзините пазуви ги направија своите први значајни чекори, која е грчка и по јазикот на кој е пишувана, иако по садржина таа е, така да се каже, светска појава, бидејќи нејзините достигања се достигања на светската култура воопшто исто онака како што е случај и со секое друго научно достигање.

Филозофијата во средниот век има и формално светски т. е.. европски карактер. Латинскиот јазик е јазик на образованите луѓе кои се предимно духовни лица. Една од причните за тоа е и неоформеноста на европските нации. Но и филозофијата на новото време, која стана против сколастиката, онаа филозифија од XVI и XVII која со Ф. Бекон, Р. Декарт, В. Г. Лајбниц и др. ја разби идеологијата на средновековието и отвори нова ера во филозофијата, беше пишувана во најзначајните свои остварувања на латински. Дури со Лок во Англија, со просветителите и материјалистите од XVIII век во Франција и во Германија со претставителите на класичната германска филозофија, националните јазици се афирмираа и во филозофијата откако долго пред тоа беа афирмирани во книжевноста. Тоа е случај и со научните расправи во кои исто така националните јазици попосле се афирмираа. Несомнено е дека со тоа филозофијата и науките се демократизираат, им се проширува класната база, тие стануваат национални по форма, но нивната содржина е интернационална и тоа во многу поголема мера отколку тоа е случајот со книжевноста и уметноста. Во филозофијата се наложи наицоналниот јазик и за национална филозофија може да стане збор за да се укаже на извесни правци кои, заради историските и другите околности, дошле до израз во филозофијата која се одгледувала кај одделните народи, и тоа многу повеќе одошто да се означи некоја појава на специфично национална и, би се рекло, расна мисловност која е израз на особените способности на некој народ сврзани со неговите биолошко-племенски и национални својства.

Отаде се наложува заклучокот дека филозофијата е светско историска појава, а историјата на филозофијата светско-историски процес, а бидејќи овој процес е во тесна врска со средината, времето, развитокот на општеството, тој, од своја страна, зависи од развитокот на производните сили и производствените односи како онаа база врз која се надградува секоја идеолошка форма па и онаа на филозофијата. Зашто,

според Маркс, историјата сé од распаѓањето на првобитното општество па до најновото време е историја на класни борби, па во историјата на филозофијата, и тоа многу повеќе одошто кај одделните науки, нашла израз класната ситуација. Националниот аспект во филозофијата доаѓа до израз и се истакнува во епохата на националната пробуда, кога во борбата за својата национална афирмација, потичнентите нации укажуваат покрај другото и на своите луѓе кои се прославиле во филозофијата во поблиското или пооддалеченото минато од својата историја. Ова јасно ќе се види и на примерот на филозофијата кај нашите народи.

Кога станува збор за филозофијата кај Југословените се поставува прашањето: што да се смета како таква филозофија, т. е. од каде са се почне со неа? Ова прашање е оправдано особено со оглед на тоа што мнозина луѓе на народите на Југославија заради историските услови во кои тие се развивале, се воспитувале во туѓи средини и таму дејствувале наполно соживувајќи се со својата нова околина, па пишувајќи на туѓи јазици, тие наполно сраснале со културата која осетно се разликувала од онаа на нивните народи кои тонеле во мракот на изостанатоста и примитивизмот. Извесен број значајни филозофи што работеле во странство до средината на XIX век, а биле родум од Словенија и Хрватска тоа јасно го покажуваат при што Словенците се сврзани со германските културни центри и пишуваат на латински или немски, а Хрватите „од онаа страна на Велебит" биле упатени главно на Италија и на латинскиот и италијанскиот јазик. Така Људевит Дворниковиќ во една статија пишува дека филозофската дејност е вид литература и бидејќи за литература кај Хрватите можело да стане збор дури од епохата на илиризмот, за филозофија кај нив можело да се зборува дури од втората половина на XIX век. Затоа, според него, „ни филозофите од наше потекло од пред таа епоха како што е, на пример, прочуениот во светската филозофија Бошковиќ не може да влезе во нашиот современ инвентар."[12]).

Нешто повеќе, ние би добавиле, дега нашите народи имаат за нивните услови значајни мислетели кои не биле познати ни во средината во која работеле и на чиј јазик пишувале и одвај со националната пробуда тие се откриваат како југословени, т. е. Словенци или Хрвати кои создавале важни филозофски дела. Во оваа смисла изразит пример претставува Јожеф Мислеј, еден од најголемите словенечки мислители од првата половина на XIX век кој бил откриен од Јанко Пајк и тоа сосема случајно[13]). Ова уште повеќе зборува во прилог на тезата на Љ. Дворниковиќ. Навистина, мнозина југословенски филозофи од пред средината на XIX век се толку сродени со туѓите средини што во нив се наполно претопени. Тие тогаш за нас како и да не постоеле.

Меѓутоа, и покрај споменатите разлози кои како да зборуваат во прилог на тврдењето на Љ. Дворниковиќ, ние не можеме да го прифатиме неговото гледиште. Веќе рековме дека развитокот на фило-

---

[12]) Ljudevit Dvroniković, Naša filozofija, Savremenik, VIII/1913, str. 535.

[13]) Janko Pajk, Dr. Jožef Mislej slovenski modorslovec, Ljubljanski zvon , XI/1891, str. 282—283.

зофијата претставува општ процес, кој само во извесни услови, може да се тврди, само привремено зема национална форма. Сепак не може да се каже за филозофите какви се Бруно, Ф. Бекон, Лајбниц дека не им припаѓаат на своите народи. Напротив, тие се нивната гордост и слава, творци кои ги афирмирале нивните способности и дале голем удел во создавањето на националната свест и националната култура без која не може да се замисли ниеден народ како оформена нација која има право на самостоен, слободен живот и развиток меѓу другите народи. Зтоа колку што е Бруно Италијан, Ф. Бекон Англичанин, а Лајбниц, Германец, толку е и Р. Бошковиќ Хрват, а Ј. Мислеј Словенец и со тоа нивното дело им припаѓа во културното наследство на Југословените.

Сепак е несомнено и тоа дека дури филозофијата пишувана на народен јазик можела да влијае врз пошироките народни слоеви, да се прифати од нив како своја, а за тоа да не го губи својот класен карактер, имено да биде граѓанска филозофија од овој или оној правец. При ова не смее да се превидува дека прогресивната граѓанска филозофија извршила значајна улога во преобразувањето на старото, феудално општество и била идеологија која ги изразувала интересите на општеството во целост. Затоа за стварна историја на филозофијата во Југославија може да се зборува дури од времето или, поточно, по времето на националните преродби на нашите народи, при што пишувањето на Југословените на филозофски теми пред тоа време може, се разбира условно, да се одбележи како нејзина претходниац. Дури во тоа време се јавуваат средни школи и универзитети во кои наставата се изведува на народен јазик, се формираат учени друштва и академии во кои, помеѓу другото се опфаќаат и дејателите на филозофското поле. Тоа е епохата од средината на XIX век наваму.

Дури тогаш се појавува интерес за она што нашите стари имаат постигнато во минатото, се прашува дали и тие дале нешто на светот на општествено-политичкото и културното поле. Настапува преродба во првата смисла на зборот. Дури тогаш се варди од заборавот и филозофскиот придонес на нашите стари. Во врска со ова значајни се зборовите на хрватскиот поет и филозоф Фрањо Марковиќ кој може да се вброи во хрватските преродбенииц. Зборувајќи за филозофските писатели од XV до XVIII век во Далмација тој во 1881 година вели: „До сега како и да не постоеја за нас, да ги придобиеме за нас". Споредувајќи ги нив со далечните ѕвезди чиј сјај згаснал и не допира до нас, тој повикува „да ја напнеме нашата воља, да го изостриме нашиот вид и да го свртиме кон нив и ќе ги догледаме; од минатото на нашиот божем научен мрак на нашиот род ќе ни светнат. . . ако и не со сјајот на првите величини, но сепак со *светлост*". И Фрањо Марковиќ се залага да се соберат растурените и расфрлени нивни дела при што забележува:, „Но ова прибирање нема да се изврши само во материјална, но и во духовна смисла. На мислите на овие писатели облечени — според тогашниот обичај — во старо туѓу руво, треба да им се даде нов, народен глас; тогаш дури нивниот труд ќе *оживее*, зашто дури тогаш ќе можат да влезат во организмот на душевната целост народна". Нашиот преродбеник е загрижен за „создавање на целината на душевноста наша"

или, со други зборови, за оформувањето на хрватската национална свест. За решавањето на оваа историска задача „ќе го дадат своето делче и мислите на старите наши филозофски писатели кога ќе ги проучиме и ги припоиме кон нашиот народен живот; во својата самост, со туѓинскиот глас од родната земја, тие слабо му послужија на туѓиот свет, кој имал и има обилие големи свои дејци, а на својата земја досега малу ѝ послужиле и во мошне ограничен обем и во однос на трајноста и во однос на своето влијание. Но од сега, откако ќе ги изучиме и со народен глас оживиме, многу ќе ни користат: со нив ќе го запознаеме Платон, Аристотел и Плотин, со нив красната доба на италијанскиот и општоевропскиот ренесанс, со нив ќе стапиме во возвишениот храм на умот светски — не навистина веќе како домашен, но иако доцнежни придојденици, сепак со чесниот *йашен лисш* од времето на душевната преродба на Европа. Како што старите далматински предимно дубровачките хрватски писатели, кога овдека кај нас пред четиринаесеттина години беа изнесувани од заборав на светот, го поттикнуваа развитокот на нашата книжевност воопшто, така можат да послужат оние стари прекувелебитски филозофи за развитокот на нашата нова дејност во филозофските науки.” И првиот професор по филозофија на Загребачкиот универзитет завршува со карактеристичните зборови: „а нема сомнение дека само оној народ кој се има здобиено со татковина на мислите си ја присвоил цврсто и својата материјална татковина.”[14])

Си го дозволивме овој подолг извадок зашто прекрасно го образложува она што го рековме погоре. Тука е изложено хрватското национално гледиште, но тоа не ни пречи да го прошириеме и во старите дејатели да гледаме не само како на Хрвати или Словенци, туку и како на Југословени. Со нивното вадење од заборав и преведување, задача која за жал не е ни до денес извршена, ние и во овој момент посигурно ќе влеземе во кругот на најразвиените нации кои така љубоморно се варди и произволно се стеснува од овие или оние мотиви[15]). Така ќе се буди интересот кај нашите луѓе за културно творење воопшто и за филозофското посебно, кои дури сега во социјалистичка Југославија добија можност сестрано да се развиваат. Затоа е јасно дека позитивистичкиот еволуционист Љ. Дворниковиќ го превидел она што така јасно му било на преродбеникот Ф. Марковиќ. Љ. Дворниковиќ е прав кога тврди дека нема посебна филозофија на еден народ во онаа смисла како што има народна уметност или книжевност, дека народната филозофија била „веќе по своето сфаќање противречност на суштината на поимот на филозофијата на која имено универзалноста ѝ е главен белег.”[16]) Но работата е во тоа филозофијата да не биде луксуз, да се прифати од широките народни слоеви, од работниците и селаните, врз, кои, спо-

[14]) Franjo Marković, Filozofski pisci od 15.—18. vieka u Dalmacijii, Vienac zabav i pouki, XIII/1881, str. 101.

[15]) Винделбанд смета сосема неосновано дека единствено творечки нации во областа на науката и филозофијата се покажале италијанската, германската, англиската и француската нација. В. Povijest filozofije, стр. 46.

[16]) Ljudevit Dvorniković, Naša filozofija, Savremenik, VIII/1913, str. 534.

ред нислењето на Дворниковиќ, филозофијата не оставала трага. Овој интеранаионалист на зборови, не е несклон да ги потценува малите народи. Тој прогласува „закон за сразмерата на величината и продукцијата" според кој вредело дека што е помал еден народ тоа имал помалку мислители, па ги става, кој знае зошто и противречно „романското и германското племе" пред словенското, додека кај Словените оделе прво Русите и Пољаците, па Чесите и на крајот Хрватите и Србите[17]). Наспроти на ова, ние сме убедени цврсто дека нашите народи и во филозофијата како и на другите полиња особено политичкото, ќе достасаат такви вишини кои ќе ги прават големи по силата на мислата и по способноста за творештво иако мали по број.

И така, дури со националната пробуда се јавува вистинска филозофија кај нас во Југославија, додека сето она што било пишувано порано, колку и да е значајно, би спаѓало во нејзината претходница,земајќи го предвид кругот на нејзиното дејствување, неговата широчина и длабина, влегувањето на филозофското творештво во националниот културен фонд во моментот кога народниот јазик се покажува годен да ги изразува и најасптрактните поими на една развиена мисла, а мислителите настојуваат да го збогатат со такви зборови и изрази кои без развивањето на филозофијата на народен јазик би недостасувале во него, а со тоа тој би бил посиромашен и понеразвиен од јазикот на народите кои имаат филозофија.

Од друга страна, филозофијата на народниот јазик огромно го проширува кругот на оние кои можат филозофски да се образуваат и со тоа придонесува луѓето да се ослободуваат од примитивните разбирања, критички да размилстваат, да бараат за сé што ќе се каже разлог за неговата вистинитост, а за секоја појава причината за нејзиното постоење, да го објаснуваат светот како целост од претпоставки кои ќе водат сметка и за достигањата на науката и културата воопшто.

Не е случајно што кај нас заедно со филозофската книжевност на народниот јазик се појави и историјата на филозофијата кај оддлените наши народи или барем по малку време подоцна. Така Милан Кујунџиќ пишува за филозофијата кај Србите и за она што кај нив било работено на полето на психологијата и логиката[18]). Овдека спаѓаат споменатите работи на Ф. Марковиќ и М. Ростохар. Може да се каже дека развивањето на интересот за филозофското творештво во извесна мера го прати и интересот за историјата на филозофијата кај нас и нејзините проблеми. Меѓутоа, ние и денес сме далеку од тоа систематски и темелно да сме се зафатиле со работата на ова поле. За жалење е фактот дека дури и таквите мислители од светски глас каков е Р. Ј. Бошковиќ не се преведни во целост, па дури не е преведено ни неговото капитално дело „Природната филозофија". Тука треба да се изврши еден заостанат долг кон нашето културно минато. Треба да се зафатиме со систематската

[17]) Ibid.

[18]) В. Милан Кујунџић, Философија у Срба, Гласник српског ученог друштва, XXIII/1868, стр. 155—239. В. и од истиот, Шта е и колико је рађено у нас на „лођици", op. cit., XXIX/1871, стр. 256—307.

работа, да се организираат дури и специјални институти кои ќе ја изледуваат филозофската мисла кај нашите луѓе во минатото како што тоа пред пол столетие го препорачуваше Михајло Ростохар.

Тоа не значи дека и поединци на своја иницијатива не можат да се занимаваат со иследувањето на оваа работа. Ние сме убедени дека едно целосно изложување на историскиот материјал колку се може покритичко и ограничено на поедини филозофски дисциплини, со опфат на библиографскиот материјал собран на едно место, со едно настојување да се осветлат теориите и погледите од едно најнапредно гледиште какво несомнено претставува гледиштето на диалектичкиот материјализам, ќе придонесе многу за развивањето на интересот за филозофијата и филозофското образование кај нашите луѓе. Тоа ќе биде и поттик да се вршат и специјални иследувања кои исто така ги имаме малку како во минатото така и денес.

Пред да преjдеме на излагањето треба да решиме уште некои важни проблеми. Меѓу нив е и оној за односот кон познатиот став на Енгелс и Ленин за тоа дека во историјата на филозофијата може да се зборува во крајна линија за историја на борбата на два основни филозофски правца — материјализмот и идеализмот. Прогресивната историја на филозофијата мора да води сметка за оваа поставка и, бидејќи пишувана од материјалистички позиции, тогаш таа не ќе наседнува на идеалистичкото потценување и кривото осветлување на материјалистичките претставители на филозофијата во минатото. Меѓутоа, историјата на филозофијата која претендира на научниост мора да биде пред сé објективно пишувана што значи дека не треба да оди во другата крајност па да се пишува место историја на филозофијата историја — на материјализмот. Инаку општиот и единствен процес би се испокинал и многу забележителни достигања зад идеалистичкиот превез ќе останат неодбележани. Затоа не е потребно да се класира дури и во еден преглед на моментната положба во филозофијата воопшто, а уште повеќе во националните филозофии посебно идеализмот на една а материјализмот на друга страна[19]), зашто во тоа единството на процесот би се изгубило од предвид, би се надувале работите и во историјата на филозофоијата не би се водело сметка дека таа, покрај сета условеност од општественоекономските услови, сепак претставува специфичен процес кој се одвива и според своите иманентни закони. Ако граѓанската историја беше главно идеалистички ориентирана и не водеше сметка за социјалната условеност на филозофијата па го потценуваше материјализмот и кога за него пишуваше дебели книги, марксистичките историчари на филозофијата отидоаа во друга крајност. Тоа мошне убаво може да се види во наведената советска „Историја на филозофијата”[20]), а особено во

[19]) Како што е тоа сторено во Aperçu de la philosophie contemporaine en Yougoslavie (Београд 1934) на Душан Недељковиќ.

[20]) За филозофијата во Југославија во т. I, стр. 654—656 пишува Б. М. Кедров: Философские идеи югославского естествоиспытателя XVIII в. Р. Й. Бошковича; во т. II, стр. 454—474 и т. IV, стр. 312—318 В. Г. Карасев пишува за филозофијата кај народите ua Југославија во XIX век, а во т. V, стр. 429—436 пишува Ј. Елез за фило-

партиите за филозофијата во Југославија. Таму е побркана историјата на филозофијата со истоијата на материјализмот и историјата на културно-социјалниот развиток на нашите народи. Затоа таму се зборува за Вук Караџиќ, Љ. Гај, С. Враз па дури и за В. Водник и П. Прерадовић, опстојно се зборува за В. Пелагиќ, Н. Тесла, а само се споменуваат или сосема се изоставаат значајните правци и претставители на филозофијата кај нас како Б. Кнежевиќ или сколастичката филозофија, за Б. Петронијевиќ имаме само кратка забелешка итн.

Понатаму. Иако можеме да зборуваме за некои општи црти на југословенските народи кои можеби во извесна мера влијаеле врз интересот на нивните филозофски дејатели тој да се ориентира во некоја заедничка насока, таквата насока е мошне проблметична, зашто барајќи ја неа се ризикува да се попадне во произволно конструирање и изнасилување на фактите па да се бараат расни корени, типски моменти од сосема безначајна вредност и тие да ни се претставуваат како божем двигачки сили на филозофскиот развиток[21]). Исто така филозофијата кај Југословените не е ни „израз на нивното балканско тло издробено со многубројните планини", иако е точно дека е израз „на нивниот економски и социјален живот разделен на мали пазари и згазен од феудализмот. . . на нивниот историски живот."[22]) Тлото, климата, географската положба, густината на населението итн. се од второстепен значај, а историската и социјално-економската расцепканост не можат да се одразат така што да остават траги на таквите особености на филозофијата во Југославија како „раздразнителниот ексклузивизам и потребата од синтеза" кои Душан Недељковиќ ги прогласува за нејзини карактеристични црти. Овие црти ние ќе ги сумираме на крајот од претстојната работа.

Затоа ние гледаме во општествено-економските услови во кои живееле нашите народи, а на кои влијаела изразито нивната незавидна историска судбина, како на оние фактори кои најмногу дошле до израз во насочувањето на филозофскиот интерес кај нив. Водејќи сметка за историските услови под кои се развивале нашите народи, ние можеме да зборуваме за четири филозофска круга: словенечкиот, хрватскиот,

---

зофијата на народите на Југославија од крајот на XIX век до почетокот на I световна војна.

[21]) Цела низа ирационалистички и мистички филозофи во предвоена Југославија за кои отпосле ќе биде збор сакаа да создадат чисто национална „југословенска" филозофија, засновувајќи ја врз географските и расните особености на југословенските народи за чиј изразит тип Ј. Цвијиќ, прочуениот српски географ и антрополог, го прогласи „динарскиот" тип. Така Владимир Дворниковиќ сакаше да изведе југсловенска филозофија од божем типчината за Југословените меланхолија (в. неговаат „Психа југословенске меланхолије, 2. изд., Београд 1925); Милош Ѓуриќ, Ксенија Атанасијевиќ и др. ја изведуваа југословенската филозофија од народната поезија величајќи ја „видовснаката" екика (в. М. Ђурић, Из југословенске философије. Фрагменти, Претеча, видовдански број за 1928, стр. 10—27; K. Atanasijević, Penseurs, yougoslaves, Belgrad 1937). Каква збрка може да излезе од „југословенската" филозофија покажува книгата на Sava Davidović Zeremski: Essay aus der südslawischen Philosophie (Novi Sad 1939), која О. Прица ја нарече „една излишна книга" (в. Još jedna suvišna knjiga, Izraz, II/1940, стр. 281—282).

[22]) Душан Недељковиќ, Aperçu итн., п. 5.

2*

српскиот и македонскиот. Затоа ние мислиме дека и историјата на филозофијата кај Југословените треба да се изучува како историја на филозофијата кај Словенците, историја на филозофијата кај Хрватите, историја на филозофијата кај Србите со тоа што кај Македонците кои се развивале под најнеповолни национални и социјални услови и дури во нова Југослвавија за прв пат се здобија со можност да ја развиваат својата национална култура и со тоа и филозофијата, ќе се ограничиме само на некои забелешки. За филозофија, под кој израз ние ја разбираме онаа која се остварила во делата на оние автори кои, меѓу другото, пишувале и на филозофски теми, или се занимавале само со филозофијата или во своите дела имаа интересни мисли кои го заслужуваат нашето внимание, за таква филозофија кај Македонците во периодот кој нас не интересива речиси не станувало збор.

Овдека ние се ограничуваме на теоријата на познанието и формалната логика, бидејќи овие две дисциплини во минатото се имаат развивано во тесна врска. Со тоа отпаѓаат некои порблеми кои се поставуваат во врска со филозофијата земена во целост. Тука спаѓа прашањето за филозофските дисциплини и односот меѓу нив, за филозофијата во разните видови од народното творештво или она за филозофијата во творештвото на така еминентните мислители — поети како Његош и други. Теоријата на познанието и формалната логика се имаат развивано како предимно школски дисциплини со исклучоци кои стануваат се побројни што повеќе се доближуваме до нашето време. Се разбира, не можеме во излагањето да се оградиме со кинески ѕид од останатата филозофска проблематика и на неа бездруго ќе се осврневаме доколку тоа е потребно за решавањето на проблемите кои нас нé интересираат.

Што се однесува за класификацијата на материјалот, ние ќе се држиме за трите, односно четирите културни круга: словенечкиот, хрватскиот, српскиот и, најпосле и сосема малку, за македонскиот, а внатре нив, ќе одиме хронолошки, водејќи сметка поедините правци и школи, доколку може да се одбележат, да се издвојуваат во целини. Каде може да се констатираат заеднички влијанија помеѓу различните национални кругови, тие посебно ќе се истакнуваат. Поинаку ќе се пристапи кон марксистичката филозофија каде националните огради се соборени и која заеднички ќе се третира како кај Србите така и кај Хрватите со тоа што Словенците ќе се издовјат во посебна група поради своите посебности во националниот и културниот развиток кои и овдека дошле во израз.

Во својство на уводно излагање ќе се направи осврт врз теоријата на познанието и формалната логика кај Југословените пред XIX век за да се проследи континуитетот на единствениот процес на развитокот на кој не можат да се направат рески граници.

# УВОД

# ТЕОРИЈАТА НА ПОЗНАНИЕТО И ФОРМАЛНАТА ЛОГИКА КАЈ ЈУГОСЛОВЕНИТЕ ДО XIX ВЕК

## 1. Општествево-историски осврт

Народите на Југославија не можат да се пофалат дека историскат судбина им била благосклона. Напротив, тие од деновите на доселувањето на Балканот морале да водат долги и тешки, речиси непрестајни борби со староседелците и моќните соседи од Исток и од Запад-со Византија и германските држави. Етнички родствените југословенски племиња се развиваа под различни политички и социјални услови. Словенците мошне рано ја изгубија својата самостојност — уште во VIII век, хрватската држава престана да постои како независна од 1102 година и влегува во рамките на унгарското кралство задржувајќи извесна автономија во внатрешните прашања, додека Србите и Македонците откако преживеа еден подолг период на тешки борни со Византија со променлив успех формирајќи свои самостојни држави и губејќи ја самостојноста, живееја извесно време заедно во српската средновековна држава на Немањиќите, за најпосле да попаднат под власта на Турците. Еден дел од југословенските земји долж Јадранското Приморје попаднаа под власта на Венеција и само Дубровник успеа да ја заварди својата самостојност, признавајќи ја врховната власт на разни држави.

Оваа историска ситуација услови и разлики во можностите за културен развиток на Југословените. Може да се каже дека тие беа ориентирани на три културни центра: византискиот, германскиот и италијанскиот. Меѓутоа, без оглед на политичката распрокинетост која е својствена на феудализмот на Запад, тој беше културно обединет околу католичката црква. Така Југословените уште од почетокот на совјот живот на Балканот во својата нова татковина беа поделени на две области на влијанија верски и културни, политички и социјални кои причинија големи разлики во нивниот понатамошен развиток. Освен тоа кога Србите и Македонците потпаднаа под турска власт, тие беа откинати од сиот европски развиток, така што подоцна требаше да вложуваат особени усилби за да го надополнат изгубеното и да го постигнат во кус период она што другите го постигнаа со векови.

Така Словенците и Хрватите се имаа вклучено во сферата на она што се наречува Запад и процесите што таму се одвиваа во текот на вековите помалку или повеќе, во оваа или онаа форма, се одразуваа и кај нив. Се разбира, фактот што тие не беа ослободени и национално независни им попречи да дојдат до полн израз нивните творечки сили и способности за културен развиток и да дадат поголем придонес во сокровишницата на светската култура. Меѓутоа, иако под потешки услови за развиток од другите водечки народи во Европа, кога некои од нивните синови добиваа можност да се школуваат отпрво во црков-

ните школи, а подоцна во школите и универзитетите од Италија, Виена, Грац или другиде, тие умееја да се покажат не само како добри ученици, туку и да се издигнат во редот на елитните мислители на своето време и со својата дејност да влијаат врз развитокот на науката и филозофијата на идните поколенија.

Некои сметаат дека почетоците на филозофијата, а со тоа и на теоријата на познанието и формалната логика, кај Хрватите можеле да се најдат уште во примањето на христијанството[1]). Ако ова би се примило како точно, тоа би важело и за сите југословенски народи. Според тоа како ја определивме филозофската дејност, ние не можеме да го примиме ова гледиште. За филозофијата кај нас може да стане збор релативно многу подоцна, најрано можеби од XII век, како тоа го установиле Алма Сондик и Круно Крстиќ[2]). Според нив, траги од филозофска дејност во Словенија и Хрватска можат да се најдат во споменатиот век и тоа во форма на ракописи донесувани од Италија, Германија и Франција. Ова зборува за познатиот факт дека сета културна дејност во ова време како насекаде така и во нашата земја, а тоа важи и за филозофијата, била во рацете на свештенството, додека сите слоеви на народот почем од благородништвото па до селаните биле на сосемс ниско рамниште, дури и елементарната писменост била кај нив сосема ретка, а образованоста се исмејавала[3]) така што имаме општа изостанатост и запуштеност. Единствен јазик на кој се пишува е латинскиот кој малцина го разбирале, така што и онаа каква -таква образованост што ја имаме тогаш е ограничена на мал број свештени лица.

## 2. Теоријата на познанието и формалната логика кај Словенците до XIX век

Од XIV век наоѓаме имиња на Словенци кои се школувале на универзитетите во Италија и Германија. Тоа не е случајна појава. Ова е време кога феудализмот оди кон својот врв и кога во неговите рамки се појавуваат сé посилни елементи кои ќе придонесат за неговото разложување. Од нив е најзначајно развивањето на занаетчиството и трговијата и во врска со тоа никнењето на првите градови и оформувањето на граѓанската класа која е животно заинтересирана за овој свет, па здобивајќи се со сé поголемо искуство за него, се повеќе е заинтересирана за развитокот на природните науки и онаквиот поглед на светот кој се засновува врз нив па му се спротивставува на средновековниот поглед на светот кој овој свет не го цени колку што треба за сметка на другиот измислен свет. Иако многу побавно и во помали размери и во Словенија се развива занаетчиството и трговијата, се одржуваат сé

[1]) V. Stjepan Zimmermann, Historiski razvitak filozofije u Hrvata, Zagreb 1929, str. 2.

[2]) В. нивните статии за филозофијата во Хрватска и Словенија во „Enciklopedija Jugoslavije", т. 3, Zagreb 1957, стр. 335 и 338.

[3]) В. Историја народа Југославије, књ. II. Београд 1960, стр. 333.

почести панаѓури на определени места кои се попристапни од другите кај кои никнат градовите како Калник, Љубљана, Марибор, Горица, Цеље и др., а на Приморјето — Трст, Копар, Изола, Пиран итн. Се развива употребата на пари, кредит, јакне рударството кое станува излезна точка на развитокот на капитализмот во Словенија.[1])

Но во XIV век ова производство е еснавско и ограничено на градовите кои се здобиваат со разни привилегии и по еснафите љубоморно се вардат знаењата и искуствата и не се дозволува тие да се изнесуваат надвор од нив. Дури во крајот на XV и во почетокот на XVI век во Словенија се јавуваат форми на почетното капиталистичко производство сврзано со рудатството и топилништвото. И сега како и порано се вади железо и одово, но кон нив се придржува и живата и бакарот. Се усовршува процеост на топењето и никнат поголеми претпријатија и манифакутри. Сето ова говори за јакнењето на новата граѓанска класа која е заинтересирана за ширењето на просветата и културата и од чија средина, како и од средината на благородништвото кое сега е во полна зависност од централната власт и мора да се образува ако сака да се здобие со уносни служби, се јавуваат првите образовани луѓе. Од крајот на XIV век имаме податоци за студенти од Словенија кои студираат во Париз, Виена, а наскоро и за професори како за *Георгиус де Рајн* или *де Склавонија* (de Sclavonia) кој 1389 година бил магистер на артистичкиот и богословскиот факултет во Париз, а кон крајот на XIV и во XV век имаме низа Словенци кои биле професори на артистичкиот факултет во Виена како *Ленарт* од Крањска, *Андреј* од Љубљана и други. Сите тие биле привrзаници на номиналистичкиот сколастички правец тој „прв израз на материјализмот"[2]) (Маркс). Виена во тоа време била центар на номинализмот.

На многу поопределени податоци за филозофската дејност во Словенија наоѓаме во епохата на хуманизмот за чие прифаќање во Словенија имаме поволни општествено-економски услови. За филозофско-педагошки весник на химанизмот во Словенија се смета *П. П. Вергерие* (постариот) од Копар. Мнозина Словенци зеле учество во борбата на хуманизмот против сколастиката што се водела на универзитетот во Виена. Меѓу нив спаѓа *Бернхард Прегер* од Штајнц во Штаерска, автор на првиот учебник по латински пишуван во хуманистички дух, *Павел Оберштајн* од Радовљица, на кога Матија Хвале му ја посветил својата книга, *Јуриј Слаткоња* од Љубљана, композитор, царски советник и виенски бискуп како и магистерот од артистичкиот факултет *Брицкиј Препрост* од Цеље и *Николај* од Ново Место[3]).

Од нив секако најзначајно место му припаѓа на

[1]) В. op. cit., књ. I, Београд 1953, стр. 782.

[2]) Цит., по Ф. Енгелс, Развитак социјлаизма од утопије до науке, Култура — Београд 1947, стр. 14.

[3]) В. Историја народа Југославије, књ. II, стр. 333—335 и A. Sodnik, Filozofija. Slovenija, Enciklopedija Jugoslavije, т. 3, стр. 338.

## МАТИЈА ХВАЛЕ (QUALLE)

чиј спис „Parvuli philosophiae naturalis“ (Hagenau, 1513)[4]) е најстар во филозофијата кај Словенците. Тој е родум од Вач кај Литија, и живеел во втората половина на XV век и почетокот на XVI. Бил наставник и декан на артистичкиот факултет во Виена.

Хвале сака на студентите да им даде повеќе одошто тоа бара програмата на факултетот, а тоа е на номинализмот од Окамовата варијанта да му придодаде и хуманистички елемнти, она што тој го наречува „покорисни работи”. Тој се надоврзува на Августина и поаѓа од доживелицата како она што е најнепосредно, а затоа и најнесомнено дадено. На таа линија подоцна ќе се надоввзе и Декарт со едната страна на својата филозофија и таа во најново време ќе стане мошне актуелна за многу познати филозофски школи каква е онаа на Мајнонговата предметна теорија, на феноменологијата на Хумасерл, па и на извесни претставители на неосколастиката. Таа кај нас ќе дојде до израз кај така значајните филозофи како Павао Вук-Павловиќ, Франце Вебер и Алеш Ушеничник.

Основната карактеристика на доживелицата, според Хвале, е активноста од што следувало дека волјата е најпроста и најсвојствена доживелица. Земајќи го ова пред вид, А. Содник првецот што Хвале го застапува го именува психолошки волунтаризам. Номинализмот доаѓа до израз кај него во емпириската и физиолошката насоченост на неговата психологија во која тој разликува кај душата вегетативна, сензитивна и рационална потенција во смисла на Аристотеловото учење.

Во сетилната област на душевоста Хвале разликува надворешен и внатрешен осет. Предметот е она што го актуализира осетот од потенцијалната состојба. Осетите ни даваат вистинско познание за квалитетите, но тие не се достатни да ни кажат што е боја, супстанција и слично. Рационалното познание не зависи од телото. Тоа е моќ за апстракција која оди од сетилната перцепција преку имагинацијата до поимот.. Умерениот номинализам кај Хвале доаѓа до израз кога учи дека општото е изговорен збор (vox) или напишан збор (scriptum), од една страна, или умствен поим (mentis conceptus), од друга. Хвале често прибегнува до номиналистичкиот принцип прочуен како „бричот на Окам” според кој суштините не треба да се умножуваат без потреба. Според него, сетилноста е пасивна, а разумот активна моќ со која се врши апстрахирање, заклучување итн.

Карактеристично за волонтаризмот на Хвале е тоа што тој во рационална моќ ја става и волјата во потесната смисла на зборот која сега не е општо обележје на душевната активност, ами волја во вообичаената смисла на зборот. Таа тој ја карактеризира како слободно,

---

[4]) Полниот наслов гласи: Habes hic amande lector textum Parvuli quod aiunt philosophiae naturalis cum sommentariis eruditissimi viri magistri Matthiae Qualle Carniolani et college gymnasii Viennensis summa vigilantia e gravissimis authoribus decerptis qui conducent maxime: cum allis tum his qui vie nominalium addicti proficiunt, Hagenau 1513.

просто и најактивно доживување во кое се огледува спецификата на човекот, бидејќи таа само на него му е својствена. Да се сака не значи како кај авероистите принудно да се сака, ами единствено слободно, без принуда да се сака.

Хвале не излегол од рамките на сколастичката проблематика. Меѓутоа, останувајќи во нејзината област, тој слободно се определувал за различните гледишта според своето наоѓање и со тоа тој ја изразил како својата висока ерудиција, така и вештото бранење на умерениот номинализам кој е најблизок до правилното решение на проблемот на универзалиите кое толку ја мачеше не само сколастиката, туку и филозофската мисла воопшто[5]).

## СКОЛАСТИКАТА ВО ПЕРИОДОТ НА КОНТРАРЕФОРМАЦИЈАТА

Движењето на реформацијата кое во XVI век ја зафаќа Европа мошне живо се одзвало во Словенија. Тоа стана во лицето на Примож Трубар, Јурај Далматин, Адам Бохорчиќ и други дејатели кои особено многу ја задолжиле словенечката литература, создавајќи низа дела кои ги печатеа на словенсчки јазик. Меѓутоа, за прашањето што нас не интересира оваа епоха е сосема безначајна. Нејзините претставители имале за задача да ги шират идеите на реформацијата меѓу народот и за таа цел пишуваат популарна литература: верски учебници, преводи на св. писмо и др. Со општи филозофски прашања тие не се занимавале.

Противреформацијата што веднаш последи и која се усилуваше постепено во втората половина на XVI век, конечно успеа во првата половина на XVII век да победи. Противреформацијата освен задушувањето на протестантизмот, враќањето црковните имоти и прогонувањето на секаков обид изразување какво и да е незадоволство било кај селаните, граѓаните или благородниците кои во реформацијата гледаа средство за борба против централната власт и за добивање црковните поседи, примени и други средства за зацврстување на католичкото влијание во масите. На језуитскиот ред му беше наменета значајна улога во ова. Откако се зацврстија во Виена и особено во Грац каде формираа свој универзитет, језуитите продреа и во Словенија. Таму тие го презедоа школството во свои раце и формираа низа гимназии од кои во Љубљана 1597, Целовец 1604, Горица 1615, Трст 1619. Језуитите средношколското образование во Словенија го држат се до укинувањето на нивниот ред 1773 година. Гимназиите имале шест класа. Постоела и фрањевачка гимназија која е основана многу покасно (1746). Во текот на XVII век наставата во некои гимназии се проширувала со предавања од теологија кои трајат две години и по филозофија кои трајат две до

---

[5]) В. Alma Sodnik, Matija Hvale. Odlomek iz zgodovine filozofije pri Slovencih, Čas, XXX/1935, str. 165—176; потоа Filozof Matija Hvale (Uvod u razpravi „Matija Hvale in njegova filozofija"), Naša sodobnost, VI/1958, knj. I, str. 392—413 и преведена на српскохрватски во Филозофија и социологија, II/1958, стр. 96—111; Filozof Matija Hvale, Sodobnost, XI/1963, str. 76—96, str. 201—211 и преведена на српскохрватски во „Филозофија", VII/1963, бр. 4, стр. 97—123.

три години. Тоа било во Горица од 1651, во Целовец од 1653, а во Љубљана нешто подоцна — 1705. Таму филозофијата се предава по образецот на сколастиката од Суарецовата варијанта која го ревидирала томизмот според новата ориентација.

Освен наставниците во језуитските школи со филозофија се занимавале и фрањевците во своите манастирски школи. Таму се предавале сколастичките филозофски дисциплини во духот на Дунс Скот. Се настојува да се биде верен на доктрината на учителот која је изнесуваат на своите ученици. Многу ракописи кои се растурени по манастирските и други библиотеки не се проучени. За нивното проучување особена заслуга има Алма Содник[6]).

Освен со овие два сколастички правиц во Словенија се среќаваме и со чистиот томизам, а и со сколастиката од Августивовата и бенедиктинската варијанта. Како подвлекува А. Содник, во ракописите и печатените филозофски дела се преработува Аристотеловата филозофија на различен начин и тоа повеќе логиката, онтологијата, психологијата и метафизиката. Тие се држеле за традицијата, но можело да се најдат и оригинални докажувања на стари тези, а и слаби обиди за нови решенија.

Од оваа филозофија ние не можеме ни најмалку да се одушевиме, Таа значи враќање на средновековието, но колку времето го чини своето и како на неговата разурнвувачка но и преобразувачка сила не може ништо да и одолее па ни ваквите жилави борци за овековечувањето на старото какви се сколастичарите, покажува фактот на пробивањето на новите филозофски идеи и во нивните списи. Ова е сообено изразито во XVIII век кога во општествено-економската ситуација во Европа се вршат големи промени, а новата наука и филозофија наполно се афирмираа и ја сузбија сколастиката.

Од словенечките сколастичари во чии списи пробива духот на новото време е *Фердинанд Тринбергер* од Птуј, минористски калуѓер. Од него е заварден спис во два дела од кој првиот под назив „Рационална филозофија" е напишан 1756, а вториот под назив „Метафизика" 1757[7]). Во првиот дел се дадени увод и логика во која се зборува за идеите, судовите, заклучоцит и за методот како и за ноетички прашања. Тринбергер смета дека некои прашања кои ги решава сколастиката се бескорисни и одживеани. Во согласност со Декарт ги дели идеите на оние кои ги примаме однадвор и оние кои се добиваат одвнатре. Идеите ги дели на придојдени (adventitiae), изработани (factitiae) и вродени (innatae). Судот го сфаќа како и Декарт-тој има мисловна содржина и наша

---

[6]) В. покрај другото и нејзината расправа: Iz zgodovine filozofije pri Slovencih-Problem skotistične distinctio formalis ex natura re—, Razprave SAZU 1944, II, 2, str. 39—52.

[7]) Полниот наслов на ракописот гласи: I. Philosophia naturalis ad praefixam in Scholis norma consinnata a Patre Magistro Ferdinando Trinberger de Pettavio Ordine minorem S. Francisci Commentualium p. t. Lectore Philosophiae 1756; 2. Philosophiae tractatus alter seu Metaphysica Ontologiam, Cosmologiam, Psychologiam et Teologiam naturalis complectens ad praefixum in Scholis nomam concinata a P. Magistro Ferdinando Trinberger, Philosophiae Lectore. Ordinis Minorem Conmentualium, 1757.

согласност за неа. Содржината на судот му ја даваат составените или раставените идеи. Меѓутоа, тој се разликува од Декарт по тоа што согласноста му доаѓа не од волјата, ами од умот. Со сколастиката се сложува во учењето дека судот е прост акт на умот, а со Декарт дека критериумот на вистината се јасните и разделни идеи. Тринбергер се сложува со Декарт дека во надворешниот свет нема бои, звуци итн., т. е. секундарни квалитети, туку само распространетост, состојба и движење. Не го споменува толку многу споменуваното прашање во сколастиката за односот на телото и душата како и теоријата за душата како посебна супстаница. Треба да укажеме дека Декартовата филозофија во неосколастиката ќе игра голема улога имено со оние свои страни кои од материјалисуичката гледна точка се најнеприфатливи, а тоа е субјективистичката излезна точка во проученото Cogito, ergo sum. Од друга страна, пробивается на Декартовото учење во цврстата и непробојна зграда на сколастиката е знак дека таа почнува да се распраѓа[8]).

За нас е особено важно да го истакнеме влијанието на Р. Ј. Бошковиќ врз словенечката сколастика во XVIII век. Тоадошло до израз како кај језуитите на чиј ред му припаѓаал и самиот тој, така и кај фрањевците. На Љубљанскиот колегиј интересот за Р. Ј. Бошковиќ го подготвил *Ф. Х. де Вулфен* (de Wulfen) кој таму предавал логика, метафизика и физика според Њутон, како и членот на поетсниот круг на *Р. Ј.* Бошковиќ *Л. Бивалд* кој предавал на Лицејот филозофија. Покрај тоа во Словенија се употребувале и книгите на *Хорваш* и *Шшрохенау* приврзаниците на филозофијата на Бошковиќ. Идеите на Бошковиќ нашле израз во делата на *Аншон Амбшел*, кој предавал физика на Љубљанскиот лицеј, а кој се занимавал и со математика, додека изразито филозофски спис е анонимниот ракопис Institutiones Metaphysicae за кој А. Содник претполага дека претставува прибелешки на предавањата на професор кој се придржувал за онтологијата и космологијата на Штрохенау[9]).

Од фрањевците врз кои влијаел Бошковиќ се истакнува *Амброзиј Редескини* од Ајдусина. Неговиот спис е напишан во Загреб 1778 година под наслов „Instititiones universae Philosophiae Recentioris"[10]) и се варди во Шкофја Лока. Тој се состои од обрнување до учениицте, увод, прв дел за логиката,втор дел за метафизиката и трет дел за физиката. Во списот на преден план е физиката.

Редескини бил мошне образован. Придржувајќи се во некои точки за сколастиката од правецот на Дунс Скот, како на пример, во сфаќањето за тоа дека меѓу суштините и постоењето нема разлика, во учењето за distinctio formalis a parte rei која не е ни реална ни умствена разлика меѓу појавите, ами претставувала нешто средно, тој примил и некои гледишта на Р. Ј. Бошковиќ така што се добија кај него свое-

---

[8]) V. Alma Sodnik, Descartes, Ljubljana 1939, str. 83—84, 98—99 i 119, Заб. 23 како и: Vpliv Boškovićeve prirodne filozofije v naših domačih filozofskih tekstih XVIII. stoletja, во Razprave SAZU, filoz.-filol, hist. razr. I за 1943, str. 31—32.

[9]) В. Alma Sodnik, Vpliv itn., ibid., str. 17—22. Познати биле Бивалдовата Institucciones Physicae (1766) и Хорватовата Physica generalis (1774).

[10]) Полниот наслов на списот гласи P. Ambrossi Redescini de Haidovio O. C. Institutiones universae Philosophiae Recentioris usibus discipulorum accomodatae.

образна синтеза меѓу природната филозофија на Бошковиќ и скотискичкото учење: новото пробива низ лушпата на старото. Влијание на Бошковиќ е изразено во методолошкото барање за разложувањето на појавите на нивните составни делови со чие познавање ќе се познава и целината, дуалистичкото разликување меѓу телсниот и духовниот свет, учењето за ограниченоста на сетилното познавање, непризнавањето на апсолутните квалитета и сведувањето на својствата на стварите врз сили, при што објаснение не бара во анализата на сетилноста, ами во номиналистичкото правило дека суштините не треба а се умножуваат без потреба, како и во учењето за елементарните делчиња како центри на привлечна и одбојна сила[11]).

На строго сколастички позиииц а во полемичка спротивност со филозофијата на Декарт и Лајбниц пишувале низа словенечки језуити и фрањевци и тоа првите бранејќи го томизмот во редакцијата на Суарец, а другите застапувајќи се за чист скотизам. Од језуитите противници на Декарт ќе го одбележиме *Антон Ерберг*, професор на Љубљанскиот лицеј како и на универзитетите во Виена и Грац. Неговите трудови „Cursus philocophicus" и „Institutiones dialecticae" се издадени во Виена една година по неговата смрт (1750/51)[11]а). Исто така и *Занки*, иако е за примената на методот на искуството и експериментот и против спеку лацијата, сепак е против Декарт и Лајбниц.

Од фрањевците кои се застапуваат за чисто сколастичко учење без примеси на новото сфаќање ограничувајќи се на коментирањето на Аристотеловите дела во духот на скотизмот ќе ги спомнеме *Жига*, *Шкрепин*, *Готфрид Пфајфер* и други. Тие се обзираат на модерната филозофија само за да ја побиваат при што критичката им е особено насочена против природонаучните сфаќања на Декарт, т. е. она што е за нас најцено кај него.

Сколастичката филозофија во Словенија ќе доминира сè до крајот на XVIII век за потем сé уште да се одгледува во верските школи. Таа е пишувана на латински јазик и затоа е ограничена на еден незначителен круг луѓе и е назначена предимно за кадровските потреби на католичката црква која своите луѓе настојува да ги одгледа во идеите на правоверните учења од минатото кои сега се преповторуваат на разни начини сообразно со школските потреби. Сепак и во вака скучените рамки нашите луѓе од Словенија добиле можност да ги опробуваат своите сили во филозофијата, здобивајќи се со извесни познанија од нејзината проблематика и размислувајќи за неа тие да можат да го шират својот видокруг и во времето на раното просветителство, излегувајќи од језуитските и фрањевачките школи, да ја отфрлат сколастиката и да се определат за новата мисленост.

---

[11]) B. Alma Sodnik, Vpliv itn., ibid., str. 25—30 и во SBL (Slovenski biografski leksikon), IX zv., str. 63.

[11]а) Полниот наслов на книгата на Ерберг гласи: Cursus philosophicus methodo scholastica elucubratus, Viennae 1750); Institutiones dialecticae sive brevis quaeadem ad reliquam philosophiam Introducto methodo scholastica elucubratus, За него в. SBL, I, str. 161; Alma Sodnik, Vpliv itn., ibid., str. 22, Descartes, str. 99 i 120 i:

## ФИЛОЗОФИЈАТА НА ПРОСВЕТИТЕЛСТВОТО ВО СЛОВЕНИЈА

Со освртот на филозофијата и специјално на терријата на познанието и формалната логика во Словенија во периодото на контрареформацијата ние навлеговме во втората половина на XVIII век кога во неа се имаат извршени значителни општествено-економски и политички промени кои се однесуваат како на положбата на селанството, кое и покрај тоа што не е ослободено од старите феудални обврски, добива сепак можност за послободно дејствување: да зема земја во закуп, да се занимава со занаетчиство, трговија, кирицилак со што се јавуваат поголеми имотни разлики во неговите рамки. Порезите добиваат сé поголемо значење и тие се причина за незадволството на селаните кое понекогаш добива форма на бунтови. Меѓутоа, за ова време е најзначајно создавањето на голме домашен и странски трговски капитал особено во втората половина од векот. Се засилува произовдстото на жива, топењето на железо и усовршувањето на топилништвото, на оловото и производството на сол со што пак расте бројот на работниците. Јакне и занаетчиството, се основуваат мануфактури и сé повеќе расте внатрешната и надворешната трговија, се отвараат нови патишта. Особено поволно врз економскиот живот се одразува прогласувањето на слободната пловидба на Јадранот. По Приморјето се оснивaaт слободни пристаништа како во Трст, Риека и др., се укинуваат многу еснафи итн. Но пресудно значење имаат административните, политичките и аграрните реформи, како и реформата на црковната управа за времето на Марија Терезија и Јосиф II. Тие се онаа почва врз која никне просветителското движење во Словенија, јакнењето на националната свест и интересот за народен јазик и народна писменост. Врз школството и ширењето на просветата влијае особено укинувањето на манастирите во многу покраини од Словенија како и на језуитскиот ред чии школи ги презема државата. Се шири и основното школство од кое само во првите две одделенија наставата се изведува на словенечки, а во погорните на германски јазик. Меѓутоа, сé повеќе јакне интересот за народната писменост и јазик. Во 1881 година се обновува академијата „operesorum" во која се собираат приврзаниците на просветителството[12]).

Сега сколастичката филозофија и го отстапува првото место на новата филозофија која се приспособува кон интересите на владаечката апсолутистичка монархија и оние слоеви врз кои таа се потпира: благородништвото и еден дел од граѓанството кое со реформите доби можност за многу послободно вршење на својата дејност. Отаде имаме развиток на еклектицизмот во филозофијата во кој интересот за природните науки и прогласувањети на здравиот разум за врвен критериум во решавањето на прашањето за вистината, се преплетува со продолжувањето на засновувањето на теологијата и докажувањето на постоењето на бога, иако теизмот се разблажува во разни форми на деизмот.

---

Iz zgodovine filozofije pri Slovincih, Filozof Anton Erber, Zbornik filozofske fakultete, II, Ljubljana 1955, str. 9—19.

[12]) В. опстојно во Историја народа Југославије, књ. II, гл. XIV, стр. 827—934.

Од дејателите во чии списи дошло до израз новото време ќе го споменеме *Антон Томаж Линхарт* (1756—1795), просветител, историчар и драмски писател. Тој го велича човекот и неговиот ум како најмеродавни за просудувањето на вистината во земските и во божествените работи. Пишува статии за користа од природната филозофија[13]). Неговиот општ поглед на светот претставува ослабена форма на атеизмот таква претставува деизмот.[14])

Меѓу мислителите од просветителскиот правец во Словенија спаѓа и *Мартин Куралт*, просветител, поет, почитувач на Наполеон, кој поради своето слободомислие имал многу незгоди во животот. Познати се насловите на два негови списа од кои станува јасно дека биле напишани во духот на рационализмот[15]). Овдека спаѓа и *Јозеф Новак* и *Франц Гмајнер*. Првиот бил свештено лице и професот по филозофија на Љубљанскиот лицеј. Во своите предавања искажувал мисли кои оделе во расчекор со официалното црковно учење за тоа дека човечката душа не е единствена, дека светот постои од пред милиони години и дека прашањето за бесмртноста на душата ги надминува човечките способности. Тоа предизвикалао спорови кои довеле до затварањето на филозофскиот факултет од Лицејот во Љубљана[16]). Вториот е поборник на јозефинизмот и познат како црковен историчар а автор на историја на филозофијата[17]) во која се нафрла врз сколастиката а ги велича Ф. Бекон, Гасенди, Декарт, Лајбниц и Волф[18]).

Во крајот на XVIII и почетокот на XIX век во Словенија се сеќава и влијанието на Кант врз нејзината интелегенција за чија популаризација придонесол и Рајнхолд со своето „Писмо за Кантовата филозофија”. Кант донекаде влијаел и врз највидниот словенечки филозофи и просветител

## *Франц Самуел Карпе*
## (1747—1806)

Тој е родум од Љубљана каде го завршил Лицејот, а во Виена студирал право и ја проучил Лајбницовата и Волфовата филозофија. Бил професор во Оломуц по филозофија, метафизика и морална филозофија,

---

13) Насловот гласи: Über der Nutzbarkeit der natürlichen Philosophie. Nach dem Englischen, Blumen aus Krain für das Jahr 1781, Laybach, SS. 140—156.

14) В. Alma Sodnik, Filozof F. S. Karpe in njegov odnos do akademije operozov. Odlomek iz zgodovine filozofije pri Slovencih, Sodobnost, VII/1939, str. 510—511; в. и SBL, IV zv., str. 664—672.

15) Тие наслови гласат: Kurzgefaste Beantwortung einiger Fragen, aus der Psychologie und Literaturgeschichte; a) Was ist der Verstand und Was ist der Vernunft? b) Welches ist die Urquelle der menschlichen Vernunft, und wie manifestiert sich diese? и втората: Welches ist die hohste Bestimmung des Menschen? Wie erreicht man dieselbe? В. Alma Sodnik, Filozof. F. S. Karpe itn., ibid., str. 511; и SBL, I zv, str. 591—593.

16) За Јожеф Новак в. Alma Sodnik, Filozof F. S. Karpe itn., op. cit., str. 512 i SBL, VI zv., str. 207—208.

17) Насловот на неговиот спис гласи: Literargeschichte des Ursprungs und Fortgangs des Philosophie во 2 тома, Gratz 1788—1789.

18) В. Alma Sondik, F. S. Karpe, op. cit., стр. 512 и SBL, II zv., str. 226.

а едно време бил ректор на универзитетот во Брно и најпосле професор по филозофија во Виена. Главен труд му е „Филозофија без прекар"[19]) кој опфаќа шест тома и тоа теоретската филозофија со психологијата, логиката и метафизиката како свои пододдели и практичната филозофија со етиката и правото.

Карпе е филозоф на просветителството кео прави компромис со онаа форма на управувањето што нашал израз во јозефинизмот и на која тој и се приспособува. За него е карактеристично полното раскинување со сколастиката и прогласувањето на слободното иследување, „слободното филозофирање" како основен принцип на своето учење. Зато тој не се сврзува со ниеден филозофски правец и сака филозофија слободна од кој да е од нив. Затоа тој својата филозофија ја вика филозофија без прекар. Ова становиште пак го одвело во еклектицизам така карактеристичен за просветителите чие просветителство е смеша на емпиризмот на Лок и дури на агностицизмот на Хјим и рационализмот на Лајбниц—Волфовата филозофија. Тој ги цени како реформатори на филозофијата Бруно, Кампанела, Карданис, Ф. Бекон, Декарт, Лајбниц, Волф, Лок, Њутон. Со Лок и Хјум го цени искуството и е против теоријата на вродените идеи на Декарт и донекаде на Лајбниц. Со Лок разликува примарни и секундарни квалитети, но и примарните квалитети му се субјективни, а субјективните квалитети не ги сфаќа како чист привид во смисла дека сето она што е од сетилно потекло, а што е предизвикано со дејствувањето на нешто однадвор е само појавност, феномен, а не слика на реалниот свет што постои независно и вон од нас. Во оваа точка Карпе се доближува до Кантовото агностицистичко гледиште. Но Карпе врз него не истрајува, туку одејќи од сетилноста кон разумното познание го напушта агностицизмот. Тој сака да создаде вид неутрална филозофија: ни материјалистичка ни идеалистичка. Но целата работа кај него се свршува на штета на материјализмот како тоа што е случај со сите обиди да се изграи „средна линија" во филозофијата. Тоа се гледа од фактот што прашањето за стварта по себе сака да го реши независно од сетилноста, исклучиво со силата на разумот со што не враќа во метафизика. Така по себе битија, според него, се апсолутниот елемент-душата, која е и апсолтна свест, апсолутната целост — светот, апсолутната причина — бог. До нив се доаѓало по пат на заклучувањето.

Дуализмот на Карпе се пројавува во признавањето на душевната супстанција која е суштина на субјектот, а која дејствува преку самосвеста, познанието и повтењето, додека материјата ја сфаќа динамички

---

[19]) Трудовите на Карпе се следните: Argumentum tentaminis ex Philosophia racionali in conspectu tabelari exibitum, Olomuc 1776; Filum tentaminis ex Philosophia speculativa, Olomuc 1776; Erklärung der Logik, Metaphysik und praktischen Philosophie nach Feders Leitfaden und dem Geiste der offentlichnen Vorlesungen an der Wiener hohen Schule, Wien 1793—1794; главниот труд што го споменуваме во текстот има наслов: Darstellung der Philosophie ohne Beynahmen in einem Lehrbegiffe, als Leitfaden bey der Anleitung zum liberalen Philosophieren, Wien 1802; Institutiones philosophiae morales, Wiennae 1804 Instituciones philosophiae dogmaticae perpetua Kantianae disciplinae racione habita, Viennae 1804.

во смисла на Р. Ј. Бошковиќ. Така и според Карпе елементите на материјата се единствени, неделиви, нераспространи и имаат привлечна и одбојна сила што дејствува постојано. Овие сили се, всушност, последни елементи на телата. Овие два света: светот на душевноста и природата како и светот на суштините, ирелниот или матен совет как и историскиот свет се предмет на рационалното позние.

Карпе учи дека вистината е согласност на умот со стварта. Таа не е копие, туку е поклопување на мисловните функции со законите на разумот и со својствата на предметите. Критериумот на познанието е непосреден — евиденцијата и посреден — доказот.

Во логиката Карпе го следи материјалистичкото учење на Аристотел од кое го земе како централно учењето за категориите кои му се суштина на предметите и нужни определби на сето мислење. Така тој надворзувајќи се на логиката на Порт-Ројал која Аристотеловото учење го сведува на она што е дадено во „Категориите", „За толкувањата" и првите седум глави од првата книга на „Аналитика прва" пришто многу работи се земени од сколастичката логика: толкувањето на силогизмот, мнемотехничките зборови итн.[20]) Судот го сфаќа како поврзување и одврзување на претставите, а поделбата на судовите ја дава според Кант. Во силогизмот гледа однос на судови. Во методологијата обрнува внимание на искуствениот метод.

Така Карпе борејќи се против сколастиката е човек на новото време, но претставувајќи ги силите на компромисот прави отстапки и во филозофските правците кои настои да ги спои во цврсто единство што ќе го носи белегот на неговата личност. Кај него се преплетуваат емпиризмот со рационализмот, догматизмот и агностицизмот, верата и просветителството приспособено кон просветениот апсолутизам кој во реформите гледа спас на стариот поредок од радикалните и револуционерните промени што ги донесе со себе француската револуција од 1789 година па затоа се определува за сосема умерена форма на деизмот. Сепак рационализмот зема врв, бидејќи, според Карпе, разумот е оној кој ги открива вистините за светот. Кант ја надвладеа рационалната метафизика со тоа што ја протера од обласга на теоријата на познанието во областа на практиката. Карпе пак чини чекор назад со тоа што се поведува по Волф, систематизаротот на Лајбницовото учење, кое многу го осиромашил и го претворил во плиткост за која Енгелс зборува со иронија[21]), но кој како просветител имал голема заслуга за популаризирањето на филозофијата во Германија. Карпе бара слободно филозофирање независно од системите, но сепак во тоа настојување не се ослободил сосема од старите сфаќања за супстанцијалноста на душата, постоењето на бога кого го ослободил од конфесионализмот и слободата на волјата со што на теологијата и обезбедил поле на дејствување кое и го одзедоа француските материјалисти од XVIII век.

Сепак на Карпе не му недостасува критички усет во увидувањето на слабите страни на гледиштата кои ги критикува и способност да

---

[20]) В. I. M. Bochenski, Formale Logik, Freiburg München 1956, SS. 299—300.
[21]) Ф. Енгелс, Дијалектика природе, Култура — Београд 1951, стр. 22.

решава на оригинален начин некои прашања. Ако го споредиме неговиот систем со она што имаме во Словенија до неговата појава, ќе се увиди колку тој отишол напред во надминувањето на сколастиката и во ослободувањето на филозофијата од нејзините стеги. Тој отворил нови хоризонти и признал нови мислители со кои новата епоха си го отвори патот во мислите на луѓето. Во овие рамки тој претставува голем чекор напред, поправо тој е прв модерен словенечки филозоф кој изгради систем промислен и заснован врз нови принципи и бранет со нови аргументи каде повикувањето пред судот на здравиот разум има пресудно значење[22]).

На ова место ќе се осврнеме на уште двајца филозофи од Словенија, иако нивната дејност е од првата половина на XIX век. Тоа го правиме со оглед на разлозите кои горе ги наведовме, а во однос на Јожез Каласанц Ликавец кон овие разлози може да се придадеи фактот што тој бил по народност Чех и главните свои трудови ги напишал вон Словенија.

## ЈОЖЕФ КАЛАСАНЦ ЛИКАВЕЦ (1773—1850)

Родум Чех, тој служел во разни места од Чешка и Австрија и предавал филозофија. Едно време бил професор по теоретска и практична филозофија во Грац и ректор на Универзитетот. Таму издал неколку учебници: по природно право, психологија, логика и теорија на познанието[23]). Во 1835 година дошол во Љубљана каде бил библиотека и директор на Љубљанската гимназија. Во Љубљана и умрел.

Во своите списи Ликавец е изразит приврзаник на Кантовата филозофија и се доближува до Круговиот синтетизам, иако за него не се придржува така доследно како стпските филозофи Константин Бранковиќ и Михаил Ристиќ, ами постриктно го следи Кант. Тоа може да се види од неговите „Основи на теоријата на познанието или метафизиката". Таму тој синтетизмот го наведува како варијанта на дуалистичката филозофија на ред со другите правци и не му дава никаква предност во однос на нив. Тој нигде не зборува за свеста како праизворно единство или синтеза на субјективното и објективното. Според Ликавец,анализата на познанието води до евидентните судови: *јас сум* (ich bin) и *вон мене има нешто реално* (ausser mich ist etwas reales)[24]). Реалитетот му е categoria prima. Затоа станува против оние кои го одрекнуваат „реалитетот на стварите вон нас (дејствителноста на објективниот свет)"[25]).

Разликува материја и форма на познанието при што материјата доаѓа од предметите вон нас или од промените (и духовните) во нас.

[22]) B. Alma Sodnik, Filozof F. S. Karpe itn., op. cit., str. 506—514, 568—581; SBL, III zv., str. 430 и Enciklopedija Jugoslavije, t. 5, str. 220.

[23]) Трудовите на J. K. Ликавец кои имаат значење за нашата тема се: Elementa Philosophiae in usum auditorium philosophiae adumbrata, Pars I—V, Brunnae Graecii 1812—1814 (2. izd. 1818 — 1820); Grundriss der Erfahrungsfarbenlehre und empirischen Psychologie, Grätz 1827; Grundriss der Denklehre oder Logik, nebst einer allg. Einleitung in des Studium der Philosophie, Grätz 1828; Grundriss der Erkenntnislehre oder Metaphysik, Grätz 1830.

[24]) J. L. Likawetz, Grundriss der Erknenntnislehre oder Mataphysik, S. 7.

[25]) Ibid.

Формата доаѓа од преобразувачката дејност на моќите на нашиот познавачки дух: сетилноста, разумот и умот. Како резултат од нивното дејствување се јавуваат формите на сетилноста: просторот и времето, на разумот: категориите и на умот: идеите. Во ова се придржува за Кант. Постоењето на душата и бога го образлага во „Применетата теорија на познанието или метафизиката" во која им дава предимство на практичките докази за него. Тој смета со Кант дека нам ни е непознато што се телото и душата по себе[26]) и за тоа дека суштината за бога му е недостапна на човечкиот дух[26]а). Тоа било причина за неговото деградирање од професор и ректор во Грац да биде поставен за библиотекар во Љубљана. Очигледно тој паднал во немилост, иако настојувал на секој начин да не ѝ се замери на црквата и на званичните политички кругови.

Исто така логиката ја излага според Кант како битно различна од теоријата на познанието која за Ликавец е и метафизика. Таа „ги излага само *законите и формите на мислењето* независно од тоа што се мисли, т. е. таа не иследува дали на мислењето му одговараат стварни предмети", додека теоријата на познанието „ги иследува општите услови на сето познавање и сите објекти на слободната дејност на човечкиот дух"[27]). Тоа е познато гледиште на логиката, кое, меѓутоа, не придонесува за развитокот нејзин со ништо, иако е позитивно настојувањето логиката да се одвои со својот предмет од другите науки.

Ликавец несомнено придонел за ширењето на кантијанството во Словенија, иако неговата дејност не дала резултати: освен на него и на Карпе, Кант не повлијаел ни на еден словенечки мислител.

## ЈОЖЕФ ПЕТЕР АЛКАНТАРА МИСЛЕЈ (1761—1840)

Во она време кога ги објавил своите трудови Ј. К. Ликавец, почнал да ја објавува Јожеф Мислеј својата „Протоматематика"[28]) која претставува едно од најзначајните филозофски остварувања во Словенија по длабината на мислите и по својата оригиналност. Роден во селото Подрага кај Випава, тој завршил медицина и до старост се занимавал

[26]) Op. cit., S. 84.

[26]а) Op. cit., S. 148.

[27]) Op. cit., S. 2.

[28]) На својот систем Мислеј работел 50 години: скица за него изработил во крајот на XVIII век, а во главни црти го изработил во 1805—1809 год. Објавил три тома: I. Grundriss einer Total gdundmathesis oder Anwendung der Mathematik auf reingeistige Gegenstände vermittelst der Construction einer reflexionellen Mappe des Totalgrundes un der grössenverhältnisse aller im Weltall moglichen Wissens- und Sittlichkeits-Entwicklungen zum unbeendbaren Wachstume der Weltall-Erziehungswirtschaft, Wien 1818; II, Entdeckung der einzig möglichen totalen Grundwissenschaft durch eine totale Einigung der ersten bloss partial behandelten Ursprungsgründe der Philosophie und Mathesis, als zweiter Band der Totalgrundmathesis, Wien 1825; III/1. Mathematisch bestimmte, folglich beste Einigung aller dialektischen Widersprüche und fortdauernden Streitigkeiten in der abstrakten Literatur durch Entdeckung einer fünften rationalen Grundwissenschaft in der Mitte der vier bisher angenommenen Fakultäten. Als erste Abteilung des dritten Bandes der Totalgrundmathesis, Wien 1829; III/2 Panethikometrie als Abschliss der Pandi-

со лекарска практика. Особено се истакнал како математичар, астроном и хемичар, а се интересувал и за прашањата за јазикот, социологијата, правото, воспитанието и теологијата. Меѓутоа, филозофијата ја смета за основа наука и затоа тој сите други науки ги изучува во својство на подготвување на материјалот за задлабочување во неа. Мислеј го поставува прашањето за единството на многуобразието на светот. До него тој доаѓа со својот систем на математиката на праосновите или прасуштините. Со тоа кај него дошло до израз влијанието на Лајбниц од кого го презема и своето објективно идеалистичко становиште. Прасуштината на појавите е суштина на суштините, безгранична и вечна и еднаш за секогаш дадена. До прасуштината се доаѓа со помошта на искуството. Од него се поаѓа. Меѓутоа, на оваа излезна точка не смее да се остане зашто поинаку не би се надминало многообразието, конечноста и менливоста. Искуствените поими треба да се надминат, нивната бесконечност да се претвори во конечност и да се дојде до нешта кои се над конечните. Потем овие се применуваат врз искуството.

Кај Мислеј математичката, пред сѐ геометриската, интуиција дошла до израз во сфаќањето дека највишето и најсовршеното познание се добива во слики. Тие се извор на јасноста и убедливоста на познанието. Затоа тој го потценува значењето на зборовите кои се извор на двомислици и збрки како и недоразбирања. Највиши слики му се мерните шеми кои се несомнени и евидентни вистини. Така она што е средство во геометријата и што помага да се сфатат нејзините апстракцтни поими, за Мислеј е цел. Со ова тој е близок на современите интуиционисти и на теоријата за „праизворната интуиција" на која Броуер, Хејтинг и другите и придаваат основно значење во сфаќањето на математичките основи. Само што кај нив интуицијата се однесува на временското следување во кое се остварува конструктивната дејност на нашиот разум, а кај Мислеј имаме просторно сликовно дофаќање. Затоа Мислеј придава особена важност на табеларното излагање како соодветен приказ на умствените шеми. Со ова логичкиот аспект се засолнува или, подобро, се изместува: поимот што единствено може да се реализира со зборот, се губи за сметка на сликата која се остварува во други психолошки сфери. Затоа кај Мислеј психолошкото е над логичкото, а психолошкото разгледување го заменува логичкото. Тоа е она што е особено кај него: обидот математиката да се заснове психолошки. Отаде е залудо кај него да се бара логика. Напротив, тој најрешително ја отфрла Аристотеловата логика и тоа е една од особеностите на неговиот систем.

Потребата од засновувањето на една особена наука Мислеј ја образлага на два начина. Првиот начин поаѓа од гледиштето дека постои особен вид количество кој не го изучува ниедна од науките што тогаш

---

ceomathesis, das ist: Messkunst aller im Weltall möglichen Sittlichkeites-Veredlungen, und zugleich erster mathematisch-faster Vorbereitungs-Weg zum unerschütterlichen Glauben, aufgebaut durch glielich erfundene asymptotische Gradleiter einer totalcentralen Naturforchung der Vermittelunsg Kräfte im ganzen Weltall nach dem Central-Gesetze der Totalen Gerechtigkeit. Als zweite Abteilung des dritten Bandes der Totalgrundmathesis, Wien 1830.

биле познати: тоа е количество кое, според Мислеј, треба да се наоѓа помеѓу неискуствените количества што ги изучува чистата математика и чистата механика (првата ги изучува бројните, а втората неискуствените просторни количества) и искуствените количества кои ги изучува искуствената механика и психологијата (таа ги изучува искуствените интензивни количества). Тоа бил априорниот слој на душевноста: слојот на познанието и волјата. Неискуствените количества биле априорни и безвременски, додека, секундарните-временски. Помеѓу нив има квалитативна разлика. Имено поради квалитативната разлика на степенувањето која ја прати количествената разлика, потребно е да се создаде нова наука која треба да го здружи количествениот аспект на математиката и квалитативниот аспект на филозофијата: таа ќе го земе предвид материјалниот слој, а тоа е априорниот слој на душевноста, а и неискуствениот слој зашто ќе го употребува неговиот формален количествен вид. Вториот начин со кој Мислеј ја образложува потребата од новата наука е мошне наивен. Тој се базира врз една сосема незадоволителна класификација на науките според тоа како се предавале на тогаш установените факултети: филозофскиот, теолошкиот, правниот и медицинскиот на кои им одговарале филозофската наука, теологијата, правните науки и медицината, Нова е петтата наука која е заснована врз придобивките на првите четири и која на извесен начин ги обединува и од нив прави целост. Додека првите четири науки ги изучуваат овие или оние суштини или априорни, првични предмети или секундарните и посредните, протоматематиката ги изучува само првичните и тоа нивната суштина па таа е наука за суштината на суштините. Така таа е основана врз сите науки но е и нивен врв, бидејќи таа не само што нив ги засновува, туку и се потпира врз нив. Таа суштина на суштините е бог со кој се завршува целиот систем на Мислеј со што тој претендира дека го докажал математички. Верата и мистиката е завршок на оваа чудна наука во која позитивните достигања на времето и особено достигањата на математиката се преплетуваат со остатоците на минатото па новото треба да послужи како средство за образложување на старото. Затоа била таа сосема заборавена сé додека во втората половина на XIX век Јанко Пајк не ја извади од заборав[29]).

Ќе ја одбележиме и за нас важната критика на Аристотеловата логика, а пред се нејзиниот принцип на исклучениот трет по што Мислеј пак се доближува до современата критика од страна на интуиционистите на овој столб на Аристотеловата логика. Се разбира, засновувањето на критиката кај Мислеј и кај интуиционистите е мошне различно. Додека кај последните оваа критика поизлегува од констируктивистичкиот метод и сфаќањето на бесконечното, кај Мислеј таа се засновува врз Лајбницовиот принцип на континуираноста кој го издига на висината на математички принцип. Затоа отфрлањето на принципот на исклучениo трет произлегува од општиот аксиоматски принцип на континуитетот. Сé кај Мислеј се степенува, искуствените телесни, искуствените

[29]) В. заб. 13.

психички и духовните априорни појави. Во познанието кое спаѓа помеѓу последните степенувањето се изразува со афирмација или негација кои можат да бидат посилни или послаби. Со ова пак доаѓа до израз еминентно психолошкиот аспект кај нашиот мислител: поголемата или помалата степен на сигурноста во тврдењето или негирањето е она што му дава можност тој да го спроведе своето гледиште. Кај Мислеј ова се претставува сликовно. Максималната афирмација ја поврзува со максималната негација преку математичката линија. При ова треба да се спомене дека овдека се појавува никулец на поливалентната логика која во почетокот (кај Ј. Лукашиевич и др.) и се јавува како логика која меѓу вистинското и лажносто го става можното, значи една модална категорија која има разни степени. Бидејќи се работи за континуум кој содржи безброј вредности, кај него е дадено третото во безброј варијанти па и не е трето, туку бесконечно различно.

Со ова критиката на исклучениот трет од страна на Мислеј се разликува од критиката на овој логички принцип од страна на Хегел и Круг. Не минењето на квантитетот во квалитет, туку градација на квантитетот е она што е во основата на сите појави и нивниот развиток. Не дијалектичкиот развиток на Хегел, ами Лајбницовиот еволуционизам е она што Милсеј го претпочитува. Дури тој оди подалеку од Лајбниц, зашто го пренесува и на психичките појави и тоа многу повеќе од Хербарт, бидејќи тој не му важи само за претставите, туку за сите психички појави. Доследноста е она што Мислеј го одликува како мислител. Неговиот математички заснован објективен идеализам претставува еден од филозофските системи какви во она време се јавуваат кај големите немски класични идеалисти како и кај мнозина други филозофи на Запад во текот на XIX век. Само што додека кај Хегел системот почнува од битието, кај Фихте од јас-то итн., според Мислеј, основната категорија е количеството кое не е само основа на системот, туку и на методолошката постапка. Со тоа може да се рече: математизмот триумфира во неговиот систем.

Ова гледиште се проведува и на планот на онтологијата во чија сфера крајни точки на линијата на континуитетот на кои во познанието им одговараат афирмацијата и негацијата, се битието и небитието. Меѓу нив се слоевите на човекот, животните, зоофитите, растенијата и кристалите. Со човекот не се завршува линијата на суштествувачкото, ами меѓу него и чистото битие се наоѓаат духовните битија кои образуваат посебен слој. Квантитативниот метод дал една фантастика на која може за ѝ се најдат подобија во средновековните демонологии кои говорат да видови на ангели, а што нашле израз и во епохата на ренесансот. Тој дел од учењето на Мислеј е сосема оджвеан. Тука совршеното битие е бог, најконцентрирана духовност која опаѓа со слегувањето по скалата на светот за да се заврши со сферата на полна отсутност на духовноста, материјата која е ништо. Овдека е видно влијанието на Платон и особено на Лајбниц.

Мислеј е творец на еден остроумно замислен и доследно спроведен систем. Треба да се истакне неговиот стремеж овој систем да произлезе од науката која во она време била најразвиена-од математиката.

За нас има посебно значење фактот што еден наш човек се издигнал на едно филозофско рамниште кое не им отстапува па дури во некои нешта ги надминува талентираните европски мислители. Како рековме, тој со некои идеи ги антиципирал идеите на современата филозофија на математиката и на современата логика иако кај него логиката се растворува во психологијата. Делото на Мислеј и покрај мошне темелните студии напишани од Алма Содник помеѓу двете светски војни треба и понатаму да се изучува, и тоа под сé во светлината на дијалектичкиот материјализам и современите достигања на математиката како и на филозофијата на математиката[30]).

Со ова ние го завршуваме прегледот на достигањата на Словенците во областа на теоријата на познанието и формалната логика до XIX век вклучувајќи ги и мислителите кои, како што рековме, ја чинат онаа претходна фаза на историјата на теоријата на познанието и логиката во Словенија на која се надворзуваат достигањата на модерните словенечки мислители. Тука можеме да разликуваме две фази во кои филозофијата инспирирана од хуманизмот чини еден вид преод: сколастичката или, подобро, обновената сколастичка фаза која го имаше како општесвено-економска основа зацврстувањето во Европа и кај нас на силите на контрареформацијата и католичката реакција и антиколастичката фаза со која претходната не се прекинала, ами се ликвидирала нејзината доминација, зашто таа ќе трае сé до најновото време, а која се засновуваше взр современите општествено-економски и културни движења во Европа, главно оние кои по пат на реформи сакаат да го приспособат апсолутизмот базиран главно врз феудализмот, и кои сфатија дека своите интереси најдобро ќе ги завардат, ако одат на компромис со граѓанската класа. Затоа и претставителите на оваа фаза се видни службеници во црковна и школската администрација. Тоа важи за Гмајнер, Карпе, Ликавец и други. Единствено Мислеј не можел да се пробија и останал вон универзитетот.

### 3. Теоријата на познанието и формалната логика кај Хрватите до XIX век

Филозофска дејност кај Хрватите имаме многу пред хуманизмот. Во Хрватска школи од црковен карактер се основуваат во IX век во кои добиваат поуки од елементарна писменост и од областа на верата и лаиците. Во XII век бенедиктинците основале триесеттина манастири со школи за црковни и световни лица во кои се предавале и елементи од филозофијата. Во XII век се појавува прв спис што го напишал Хрватот *Херманус Далмата* „De essentiis". По презимето заклучуваме дека бил од Далмација. Тој бил приврзаник на филозофската школа од Шартрез. Во XIII век фрањевците имаат свој студиум генерале во кој се изучувала

[30]) Покрај наведената студија на Јанко Пајк во која делото на Мислеј беше извадено од заборав, а во која, сообразно со својата објективно-идеалистичка хербартовска позиција, Пајко наблега на учењето на Мислеј за душевните суштини и нивната хиерархија, в. двете мошне аргументирани расправи на Алма Содник: Mislej (Misley) Jožef Peter Alkantara, SBL, V. zv. str. 127—135 и O filozofiji Jožefa Misleja, Čas, XXVII/1933—1934, str. 147—186.

и сколастичката филозофија. Во крајот на XIV век и во почетокот на XV имаме мнозина Хрвата кои студирале во Виена. Сепак до XV век не ни е познато некое друго име сем Далмата кое да укажува на Хрват, иако сигурно Хрватите учествувале во филозофската дејност под полатинети имиња и со тоа придонесувале за развитокот на европската култура[1]).

Дури со хуманизмот се јавуваат такви претставители на филозофијата од хрватско потекло со кои можат да се гордеат не само Хрватите, туку и Југословените. Тие со својот талент и работна енергија се издигнале на светско ниво. Во ова време културно најактивен е оној дел од Хрватска долж Јадранското Приморје кој политички, освен Дубровник, бил под власта на Венеција, а со тоа и под директното влијание на културата на Италија, додека останалите дел зафатен со непрекинати борби со Турците, поврзани со Хабзбургшката монархија со векови и зафатен со непрестајни внатрешни судири, ќе се активира на културното поле а со тоа и на полето на филозофијата дури покасно,.

Услови за развиток на културата во Далмација во XV век имаме во поволната општествено-економската ситуација на оваа покраина. Пред сѐ таму е Дубровник кој веќе во XIII век е наполно формирана комуна што во овој и следниот век ужива мирен период во кој јакне економски и ја зацврстува својата самостојност. Во XV век кога сите наши покраини се под туѓинска власт, Дубровник успеа да ја заварди својата слобода од натискот на Турците признавајќи ја нивната врховна власт и плаќајќи извесен данок за кој добива право да тргува низ пространата турска држава. Тогаш конечно се утврдува и неговата територија на која има власт од Бока Которска до Пељешац. Врз базата на развиеното занаетчиство и трговијата во Дубровник се сконцентрирале богатства кои овозможија процут на дубровачката култура меѓу која и филозофија, која според тогашните обичаи се развиваше на латински и италјански јазик.

Другиот дел на Далмација, отпрво под власта на унгарско-хрватските кралеви од странско потекло, а во внатрешно автономната Хрватска, во почетокот на XV век потпаѓа под власта на Венеција. Иако под многу потешки политички и социјално-економски услови од Дубровник, сепак нејзините градови уживале извесна внатрешна самоуправа која допуштата на дел од населението особено, на поимотните граѓани, да одгледуваат извесни дејности кои им донесувале богатство, а со тоа и можност за развиток на културни врски со Италија. Се јавуваат и културни центри како Сплит, Хвар, Задар и др. каде имаме интерес и за филозофија.

Од средината на благородниците, а и од поимотните граѓани, се појавуваат луѓе кои одат на школување во Италија и се здобиваат со за она време највисоко образование. Од средината на свештенството имаме приличен број наши луѓе кои напредувале добивајќи највисоки учени степени, а потем кои се истакнале со својата дејност. Така во Далмација нашле одраз културните промени во Италија кои се сврзани со

---

[1]) B. Kruno Krstić, Filozofija, Hrvatska, Enciklopedija Jugoslavije, t. 3, str. 335.

хуманизмот и ренесансот. Имено Хрватите дале неколку претставители кои се придружиле кон новата струја и во Италија на латински и италијански јазик создале трудови од највиша класа. Од нив на прво место и тоа не само хронолошки доаѓа.

## ЈУРАЈ ДРАГИШИЌ (GEORGIUS BENIGNUS DE SALVIATIS) (1450—1520)

Роден во Сребреница во Босна, тој избегал од пред турското навлегување и нашол засолниште уште како дете во Дубровник. Таму бил прифатен од миноритите и посветен во фрањевачкиот ред. Тој се здобил со сјајно образование на најпрочуените универзитети во Италија, во Париз и Оксфорд. Во Рим стапил во кругот на прочуенито кардинал хуманист Бесарион. Овој се застапувал за платонијанството кое во тоа време претставува реакција на скоченетата сколастика, која Аристотеловото учење го зела како основа за своите поставки. Потоа е во Фиренца на сјајниот двор на Медичите и е член на Плетоновата академија која била центар на платонијанството и носител на новите хуманистички идеи. Ј. Драгишиќ во црковната хиерархија напредувал до чинот надбискуп. Станал во одбрана на Саванарола и прочуениот хуманист Роиххлин, иако со тоа едно време паднал во немилост. Тој бил мошне умерен и вешт да избегне судири со своите ставови така што не доживеал големи неприлики и среќно го поминал својот живот.

Ј. Драгишиќ бил неоплатоновец кој настојувал да покаже разбирање и за аристотелизмот, така се држел за средната линија меѓу овие гледишта чии приврзаници воделе бескомпромисни борби. Тој не запаѓа во екстреми, иако и кај него по манирот на неоплатоновиците има елементи на фантастика низ кои се пробиваат обиди за доловување законите на природата.

Оваа помирливост се огледа и во неговата „Логика"[2]) во која спорните прашања во филозофијата меѓу скотизмот и томизмот што биле тогаш на дневен ред тој ги решава компромисно. Од друга страна, тој ги помирува „старата логика", која се занимава со „Категориите" и „За толкувањата" на Аристотел, како што е случај со Боеције и кај која сем преводи и коментари не наоѓаме ништо ново во смисла на понатамошниот развиток на логиката и „новата логика" која, надоврзувајќи се на „Аналитиките" и „Топиката" на Аристотел, создаде навистина нов вид на логиката која успеала да изложи една поразвијена семантика и синтакса, притоа со јасно разликување на правилата и законите, логич-

---

[2]) Логиката на Ј. Драгишиќ има доживеано четири изданија. Таа е издавана како: Locica nova secundum mentem Scoti et B. Thome Aquinatis, aliorumque, Firenca 1480; Volumen de dialectica nova secundum mentem S. Thome Aquino, Firenca 1488; третото изд. под ист наслов како и второто 1489; Artis dialecticae precta vetera et nova miro artifico conscripta a Georgio Benigno Archiepisco Nazareno, omnis philosophiae hac tempestate facile principe acutissime simul ac lampidissime traduntur. . . Romae 1520.

ката форма, со остроумната преработка на силогистиката, со теоријата за консеквенциите, за антиномиите итн[3]).

Логиката Ј. Драгишиќ ја определува како „наука за начинот на познавањето и разликувањето на вистинското од лажното"[4]). Додека логиката ги опфаќа сите книги на „Органонот", дијалектиката има работа само со „Топиката" и „Софистичките побивања". Дијалектиката му е „вештина на вештините, наука на науките што го има патот на сите принципи на методите"[5]). Од друга страна, тој под „дијалектичка вештина" ја подразбира како старата така и новата логика што е јасно од третото издание на трудот. Според Скот и Окам, тој ја дели логиката на три дела: „термин", „исказ" и „силогизам" кој е најважниот дел на логиката[6]) Кај термините разликува „интенција" и поим („conceptus"). Од термините им обрнува внимание на универзалните кои ги дели на безгранични и ограничени (т. н. predicabilia) како и на категориите. Во учењето за исказот е под влијание на прочуениот сколастички логичар Петар Шпански при што вистинското го означува како сообразност со предметот. И во учењето за силогизмот се надоврзува на Петар Шпански како и на Ламберт Ауксерски. По категоричкиот и хипотетичкиот силогизам следува учење за консеквенциите кое е особено развиено во сколастичката логика. Нив ги дели на добри и лоши, а добрите на формални и материјални. Значајне е што Ј. Драгишиќ на крајот се враќа на науката за својствата на термините и исказите: супозицијата, релатива, рестрикцијата, апелацијата. На крајот се зборува за облигациите и антиномиите.

Во врска со ова треба да се нагласи потребата од детално и задлабочено проучување на логиката на Ј. Драгишиќ. Во својата расправа за него, С. Цимерман на секој начин сака да ја потцени сколастичката логика иако е филозоф на сколастиката, а со тоа и логиката на Ј. Драгишиќ. Со тоа тој неа сосема не ја разбрал. Тој од сета сколатичката логика ги цени само преводите и коментарите на Аристотеловите логички трудови, а за она што е створено во оваа значајна логика тој вели:

„Со овие и сличните трудови излегуваат многу компендиозни логички дела во духот на школската традиција, која ја опфаќа старата (Боециевата) логика (. . .) со додатоци од новата. Од овие последните доаѓа секако Петар Шпански (Јован XXI) со своето „Summulae logicales". Кога потем Виљем Окам (+1347) во голема мера го надвладеал „тернистимичкиот" правец, станала навистина сколастичката логика во XIV и XV век само стерилна репродукција и компилација на различни правци. Од обемната литература достатно е да се спомене Рудолф Строд (учел околу 1370) и Павле (Никола) Ванет (+1428) кого со дидактичка тенден-

[3]) За сколастичката логика и нејзиното значење в. Ph. Boehner, Medieval Logic, An Outline of Its Development from 1250 to ca. 1400, Chicago 1952; I. M. Bochenski, Formale Lorik, SS. 169—293; Г. I. Рузавин и П. В. Таванец, Основные 3 тапы развитий формальной логики, зб. Философские вопросы современной формальной логики, АН СССР, Москва 1962, стр. 25—27.

[4]) Artis dialekticae, p. III r.

[5]) Ibid.

[6]) В. за содржината на Окамовата Summa Locicae кај Boehner, Medieval Logic, pp. 80—81. Сп. и содржината на Summulae Logicales, op. cit., pp. 78—79.

ција го копирал Павле Пергуленс. На оваа епоха и припаѓа и Драгишиќ со својата логика"[7]).

Ние го наведовме овој подолг извадок за да се види колку е становиштето на Цимерман одживеан и надминат. Тоа е плод на недоразбирањето за кои зборуваме на друго место[8]). Во светлината на новите иследувања во историјата на логиката сколастичката логика никако не може да се сведе на преповторување и коментари или на учебници кои го преповторуваат ученото. Во неа се остварени такви достигања кои современата симболичка логика повторно ги откриваше се додека не се ископаа од заборавот. Затоа и логиката на Ј. Драгишиќ претставува вонреден интерес и тоа не само за оние кои ја проучуваат историјата на логиката кај нас. Во недостаток на спебијални иследувања на логиката на Ј. Драгишиќ и во очекување на нив ние сме принудени да се задоволиме со овие неколкуте забелешки.

Со својата расправа за ангелите која ја напишал во дијалошка форма (разговорот го води со дубровничките граѓани)[9]), Ј. Драгишиќ ја излага својата космологија и теорија на познанието. Таму тој завзема помирлив став меѓу Скотовиот активизам и Томиниот интелектуализам, Спиритуалните суштества (анѓелите) биле двигачи на планетарниот систем и ги имало безброј. Со Скот и Тома учи за „метафизичката" материја на ангелите како онаа материја што им припаѓала на видовите и родовите. Тие имале дејствен и можен разум, а можеле да имаат познание и кога на нив не дејствува објектот. Ј. Драгишиќ толку ја цени вистината што тој неа ја става над мнението на одделните луѓе. Тој вели дека на филозофот поголем пријател му е вистината одошто човекот, т. е. авторитетот.

Иако Ј. Драгишиќ настојувал помирливо да дејствува помеѓу старото и новото, тој се решавал за новото со тоа што не се поколебал да ги брани неговите претставители кога тие биле изложени на опасности. Фактот што членувал во Плетоновата академија и бил приман на дворот на Медичите говори како за неговиот позитивен став спрема хуманизмот, така и за неговиот формат како мислител[10]).

Против Аристотел се изјаснил и *Бенко Бенковиќ* (ум. 1525). Тој е родум од Задар и се прочул како професор на Сорбоната кај бил наречен „monarch scientiarum". Напишал многу расправи од кои се најзначајни оние во кои се толкуваат Скотовите коментари на Аристотеловата логика. Под влијанието на Дунс Скот се надоврзал на платоновско-августиновската линија во филозофијата. Истапувајќи против томистичкиот интелектуализам, тој се залагал за волунтаристичко објаснување на светот и на познанието. Неговите ракописи уште не се пронајдени, па затоа не се знаат поподробно неговите гносеолошки и логички погледи,

---

[7]) Stjepan Cimmermann, Juraj Dragišić (Geordius Binignus de Salviatis) kao filozof humanizma, Rad JA, 227/1923, str. 66.

[8]) Јонче Јосифовски, Разбирања и недоразбирања итн.

[9]) Насловот на книгата гласи: Opus de natura coelestum spiritum quos angelos vocamus, Firenca, 1499.

[10]) За Драгишиќ в. и: Kruno Krstić, Juraj Dragišić (Georgius Benignus de Salviatis), Enciklopedija Jugoslavije, т. 3, стр. 68—69.

иако и тие, како и оние на Ј. Драгишиќ преставуваат голем интерес и за современата историја на логиката.

Од Дубровник во филозофијата се одличила група мислители од знаменитата фамилија на Гучетиќите. Тие се следните.

*Петар Гучетиќ* (1493—1564) бил припадник на доминиканскиот ред. Се прославил со својата дејност како професор на Сорбоната и на универзитетот во Лувен. Бил наречен „doctor illyricus". Неговото филозофско наследство, за жал, е наполно непознато до денес.

Никола Гучетиќ (1549—1618) особено се истакнал во филозофијата само што се бавел со други дисциплини кои не ја засегаат нашата тема. Вршел разни функции во управата на Дубровник кој никогаш не го напуштил па затоа останал самоук. Меѓутоа, неговите трудови биле познати во Италија и папата Климент VIII му дал почесен докторат по филозофија и магистрат по теологија. Напишал две расправи во авероистички дух, а под влијанието на Платон му се диалозите за љубовта и за убавината. Напишал коментари на Аристотеловиот труд „За душата", на првата книга на Аристотеловата реторика, како и низа политички, социолошки и педагошки расправи. Искажал и низа мисли за теоријата на познанието. Сепак неговото дело не е проучено од филозофската гледна точка па не може да се каже нешто поопределено во таа смисла.

Со филозофија се занесувал и *Амброзие Гучетиќ* (1563—1632) кој како и Петар му припаѓал на доминиканскиот ред и предавал филозофија во Дубровник. Од неговите трудови е важна неговата расправа за логиката на Петар Шпански.

Меѓутоа, најзначаен антиаристотеловец кај Југословените и воопшто еден од најголемите умови во филозофијата чие дело чини чест и слава на нашите духовни достигања и показ на што се способни нашите луѓе кога ќе им се даде можност да се развиваат е прочуениот во светската историја на филозофијата[11])

## ФРАЊО ПЕТРИЌ (FRANCISCUS PATRICIUS) (1529—1597)

Роден е во Далмација (можеби на Клис, на островот Осор или на Црес) во благородничка фамилија која осиромашила. Многу патува: бил на Кипар, во Франција, Шпанија и др. Пресврт во неговиот живот претставува повикот на ферарскиот кнез да дојде да предава на тамошниот универзитет во 1578 година. Таму останал сé до 1592 година кога оди за професор во славниот Collegium Romanum кај останал до својата смрт.

Фрањо Петриќ е најрешителен антиаристотеловец, кој одел толку далеку да тврди дека сé кај Аристотела било земено од другите стари грчки филозофи: само она што не чинело било негово. Тој е вжештен приврзаник на Платоновата филозофија во неоплатонијанската варијанта зад која може да се насети новиот поглед на светот. Тој е типичен претставител на епохата на хуманизмот со својата голема енергија, многу-

[11]) Така, на пример, кај Windelband, Povijest, filozofije, t. I, стр. 412 и 421.

стран интерес и големата страст што ја вложувал во борбата за своето убедување, филозоф, поет, историчар, оратор, физичар и математичар како и воен инжењер. Напишал многу трудови.

Во „Четирите тома за перипатетичките расправи" (1575)[12]) Фрањо Петриќ беспоштедно ја критикувал Аристотеловата филозофија и со тоа придонел во сузбивањето на нејзината сколастичка доминација. Своето гледиште во неоплатонијанската обвивка зад која е видливо настојувањето да се сфати светот како законито уредена целост што се управува од своите сопствени сили, а која е во сообразност со учењето на големиот филозоф од ренесансот Бернандино Телезио, тој го изложил со исклучителна дијалектичка сила и проникливост во „Нова филозоаија на селената" (1591)[13]). Таа се состои од четири дела: за светлината (Panaurgija), за почетокот (Panarchia), за душата (Panpsychia) и за светот (Pancosmia). Обединувајќи ја неоплатонијанската фантастика со нововековниот стремеж да се објасни природата врз основата на своите сопствени сили кои се сфаќаат како нематеријални, бидејќи неделиви, Фрањо Петриќ ја темел својата филозофија врз светлината (lux). Оваа тој ја разбира како прв извор и принцип на сите ствари, а ведно и на сето познание. Светлината е едно и се (unomnia), постои по себе и затоа се изедначува со бога. Тоа е оној принцип кој го обединува светот и познанието, оди пред деловите и е во почетокот на сé. Познанието почнува со светлината, бидејќи таа е она што е најизвесно и најнепосредно дадено. Со тоа Фрањо Петриќ на искуството му придава големо значење па заправо на него ја засновува својата филозофија. Сведоштвото на сетилото на видот ни дава податоци кои се најнесомнени па затоа ова сетило има најголемо значење за познанието. Затоа со светлината и треба сé да се објаснува. Тоа е апсолутен принцип што насекаде е присутен. За него е најкарактеристична подвижноста, творењето и уривањето на сите нешта и појави.

Ова рационално јадро на својата филозофија Фрањо Петриќ го спојува со неоплатонијанската мистика па од светлината создава нематеријална супстанција од која произлегува формата и материјата, множеството и спротивноста на појавите на светот. Со посредство на зраците кои имаат двојна природа: како бестелесни тие продираат во сé, но како тродимензијални тие го имаат најбитното својство на телесност, светлината отсјајува, еманира па со тоа се расејува, се згуснува на стварите кои не претставуваат ништо друго до минати зрачења кои се кондензирале, се стврднале, се стабилизирале под влијанието на своите сопствени

[12]) Во Свеучилишната књижница во Загреб се варди:
Franciscus Patritius, Discussiones peripatecae, t. I, Venetiis 1571;
Franciscus Patritius, Discussionum peripateticarum tomi IV quibus Aristotelicae philosophiae iniversae atque Dogmata Veterum Placitis colata eleganter et erudite declarantur, Basileae 1581.

[13]) Во свеучилишната књижица во Загреб се варди:
Franciscus Patritius, Nova de universis philosophia Libris quinquaginta comrehensa in qua Aristotelica methodo non per motum, sed per lucem, et lumina ad priman causam ascenditur. Deinde nova quadam, ac peculari methodo tota in contemplationem venit divinitas. Postrema methodo Platonica rerum universitas a conditore Deo dedicatur. Venetiis 1593

сили. На тој начин се доаѓа до резултат од делувањето на силите на светлината — до осветленоста (lumen) како зацврстена духовна материја од која изникнале стварите. Од неа се добива единството, битието, животот, умот, душата и телото. Светската душа (animus) е посредник помеѓу нетелесните и телесните нешта. Дури и сенката е осветленост која достигнала најголем степен на густина, таа е разновидност на светлината, а не нешто спротивно на неа.

Така Фрањо Петриќ го применил, како самиот вели во поднасловот на „Новата филозофија", Аристотеловиот метод па со помошта на светлината и осветленоста (per lucem et lumina), т. е. од непосредното искуство, од она што ни го нуди сетилото на видот, значи од конкретната светлина, се искачил до првата причина — до светлината како светски принцип кој го чини единството на многуобразието, па со тоа се искачил до она што е најапстрактно; од него, според Платоновиот метод, имаме враќање назад — сите ствари се објаснуваат и образложуваат со оваа прва причина која е истовремено и највиша апстракција на познанието. Така се добиваат две спротивни движења: нагоре по патот на се поголемата апстракција и надолу по патот на се поголемата индивидуација. Аристо теловиот метод се состои во почитувањето на искуството, а Платоновиот во изведувањето на светот на поединечното и конкретното од еден општ, најапстрактен принцип. Почитувањето на искуството е карактеристичен белег на ренесансните мислители каков што е претходникот на Фрањо Петриќ – Телезио, па Леонардо да Винчи, каков што бил Ѓордано Бруно, ученикот и продолжувачот на нашиов филозоф. Не е чудно потем реченото, што тој се покажал како добар научник кој вршел систематски посматрања кои нашле израз во неговиот главен труд во кој тој говори за физичките својства на светлоста, за приливите и одливите, за соленоста на морето. На оваа линија е и неговото решително отфрлање на астрологијата како и одличното познавање на сето она што било достигнато во астрономијата на неговото време: на делото на Коперник, Тихо де Брахе и др. Значајно е дека Петриќ го антиципирал законот на гравитацијата кој многу подоцна го открил Њутон.

Фрањо Петриќ има и една интересна теорија за првобитната форма на земјата. Таа е изнесена во фантастична форма според неоплатонијанскиот манир. Земјата отпрво била рамна и без вода, а со настапувањето на потопот таа се покрила со вода од која се издвоиле морињата и реките, се појавиле планините итн. И во оваа теорија се гледа како новото се пробива низ фантастичното, како рационалното се преплетува со мистичното. Основно е, а што треба севезден да се има пред вид, е стремежот да се објасни светот врз основа на своите сопствени сили поаѓајќи од исксуството. Но бидејќи ова искуство е мошне неразвиено, мошне слабо и затоа недостатно за изградба на целосни теории, на него му доаѓа на помош фантастиката. Овдека е налице еден чуден факт, новото да ни се претставува во ликото на Платон, а во борба со Аристетел, идеалистот, да служи како знаме на силите кои се борат за афирмацијата на овој свет, а зад реалистот Аристотел да се кријат оние кои го презираат телото и чекаат спас на оној свет. Но тоа е поимливо кога ќе се земе

пред вид дека мистиката во онаа епоха била начин со помошта на кој се разбивала сколастиката, таа слугинка на теологијата.

Уште додека бил жив Фрањо Петриќ се здобил со голема слава. Освен на Бруно тој влијаел на низа мислители, меѓу кои и на познатиот словенски педагог Јан Амос Коменски. Како истакнува Душан Недељковиќ, со своето учење за светлоста и сенката тој бил претечан на импресионистите[14]) па со сето ова неговата фигура на филозоф и научник високо се издига во историјата на европската култура[15]).

* * *

Во епохата на хуманизмот и ренесансот меѓу Хрватите имаме застапници на Аристотеловото учење во томистичката верзија. Тие полемизираат со платонијанците ими ги противставуваат своите тези. Но тие во дискусијата која ја воделе со своите противници морале да водат сметка за новата ситуација па да изнаоѓаат нови аргументи сообразени со резултатите на филозофијата и науката. Така и овие, иаку се застапувале за стариот авторитет, ја движеле напред мислата на својата епоха па се заслужни и за филозофијата. Отаде потребата и нивните дела внимателно да се проучуваат. Меѓу нив ќе го спомeнеме доминиканецот *Грѓур* (*Наталис*) *Будисаљик* (ум. 1550). Тој би од сиромашна дубровничка фамилија, но сепак успеал да се префрли во Италија каде студирал на тамошните универзитети и на тој начин се здобил со титулата „магистер". Долго време бил наставник во Задар каде го продолжил изучувањето на филозофските дела и напишал повеќе расправи. Бил природонаучник и астроном, теолог, лекар и оратор. Издал расправи за бога, за суштествата, за човекот, а пишувал и коментари на Аристотеловите дела „Категориите", „Физиката" и „Метафизиката, потоа расправа за бесмртноста на душата, етички расправи итн. Решително станал против неоплатонијанецот Корнелие Агрипа од Нетесхаим кои бил пријател наРојхлин, а во чие учење се спојувала магијата со филозофската скепса. Заради својата многустрана дејност бил наречен „полиграф".

Овдека спаѓа и *Антон Медо* (Antonius Medus Callosius) (околу 1530—околу 1600). Тој настојувал Аристотел да го исчисти од сколастичките наслојки. Покрај другите дејности што ти обавувал се занимавал и со филозофија. Напишал повеќе расправи од кои се поважни коментарот кон XII книга на Аристотеловата „Метафизика" (1598) и коментарот кон VII книга (1599) како и забелешките кон категориите на Порфирие (1600). Медо војувал за востановување на изворниот Аристотел, а против неговото средновековно искривување кое особено дошло до израз во сколастичкиот реалистички правец. Овој го подготвил Платоновиот ученик Порфирие со своето толкување на „Категориите" на Аристотел. Тој иако изјавувал дека се потпира врз Тома секако ги следел тогашните

---

[14]) Душан Недељковиќ, Филозофија Фрање Петрића, Београд 1926, стр. 23.

[15]) За Петриќ в. и: Milivoj Šrepel, O Patricievoj poetici, Rad JA, knj. 108/1892, стр. 1—67. Во првиот дел, стр. 1—10, општо за животот и делото на Петриќ; Ksenija Atanasievič, Penseurs Yougoslaves, pp. 44—51 каде на секој начин се инсистира на мистиката кај Петриќ со запоставувањето на сето ново што се крие зад оваа мис тика.

востановувачи на Аристотел[16]). И Медо се покажал како син на своето време, кој во Аристотел бара и наоѓа инспирации за новата ориентација во филозофијата сообразно со неговите браќа.

Аристотелов приврзаник бил и *Јурај Дубровчанин* (Georgius Raguseus) (ум. 1622). Сиромашно наодче тој успеал да се пробие и да добие највисоко образование во Падова какде изучувал филозофија, теологија, медицина и математика. Се прочул како одличен оратор за што го добил називот „philosophus orator". Трудовите му се печателе во Италија и Париз. Напишал коментари кон целокупните дела на Аристотел во десет тома, коментари кон пословиците на Петар Ломбардски, „Еден том за перипатетичките диспутации", „Три книги писма по логика, реторика и други науки", коментари за вештината на Р. Лули[17]). За нас е важно да се подвлече интересот на Ј. Дубровчанин за „општата вештина" („ars universalis"), онаа вештина за механичкото т. е. машинизираното мислење со која Лули настојуваше да изведува решенија за севозможните прашања со простото вртење на кружни површини на кои се испишани зборови кои ги означуваат умело подбраните поими. Таа вештина на Фрањо Марковиќ му се чинеше „фантастична панлогика" која се занимава со неизведливи обиди[18]). Во светлината на најновиот развиток на логиката и техниката која доведе до реализирањето на „електронските мозоци" како вештината на Лули така и интересот на Ј. Дубровчанин ни се претставува како мошне важна антиципација. Со тоа и Дубровчанин се наредил меѓу претечите на новата логика која имено го овозможува предавањето на извесни мисловни процеси во надлежност на машините.

Застапувајќи се за чистиот перипатетизам, Ј. Дубровчанин стапил во остра полекмика со својот падовски колега Цезар Кремонин кој Аристотел го комбинирал со Платон и неоплатонијанците поводејќи се по Александар Афродизиски и Авероес. Заслужен мислител, Дубровчанин добил признание од мнозина мислители меѓу кои и од знаменитиот француски филозоф Петар Гасенди.

Еден од нашите ренесански писатели кој работел на полето на логиката е и *Фауст Вранчиќ* (1551—1617). Како е истакнато тој имал оригинална концепција за логиката во расправата „Логика нова"[19]). Во очекување да се изучи таа логика која е пронајдена пред извесно време во Дубровник, ние ќе се ограничиме на реченово.

Одвоено од оваа група ренесансни хрватски мислители стои *Матија Влачиќ* (Mathias Flacius Illyricus) (1520—1675). Тој е од Истра, бил хуманист и еден од највидните протестантски теолози. Високо обра-

[16]) В. Franjo Marković, Filozofijski pisci itn., Vienac zabavi i pouki, XIII/1881 на соодветната страница.

[17]) Насловите на овие трудови гласат: Commentaria in universam Aristotelis Philosophiam, tomi X; Disputationum Peripateticarum volumen unum; Epistolarum de logica, rhetorica, aliisgue scientii libri tres; Comentarum in artem Raymondi Lulli.

[18]) В. Franjo Marković, Filozofijski pisci itn., Vienac zabavi и pouki, XIII/1881, стр. 704.

[19]) В. Kruno Krstiв, Latinitet kod Južnih Slavena, Enciklopenija Jugoslavije, т. 5, 1962, стр. 482.

зован и необично плоден писател (издал над 250 труда), бил професор на универзитетот во Јена. Фален од едни а прогонуван од други, тој водел бурен живот и многу скител по разните германски градови. Бил приврзаник на Аристотел, но се застапувал за детерминизмот во што е близок на Августин. Со ова тој ја создал основната мисла на протестантизмот и дал придонес на европската мисла[20]).

Од изнесеното се гледа колку бил жив интересот на Хрватите за филозофијата во епохата на хуманизмот и како тие биле на рамништето на напредната мисла на она време.

## ТЕОРИЈАТА НА ПОЗНАНИЕТО И ФОРМАЛНАТА ЛОГИКА КАЈ ХРВАТИТЕ ВО ЕПОХАТА НА КОНТРАРЕФОРМАЦИЈАТА

Ако епохата на реформацијата која се преплетува со онаа на хуманизмот и ренесансот не даде онаква книжевна дејност во Хрватска, иако нејзиното движење нашло подршка и кај неа, и немаме онакви резултати како во Словенија, сепак од нејзина средина изникнал таков истакнат ум, црковен дејател и филозоф каков бил споменатиот Матија Влачиќ. Но затоа Хрватска во она време е поприште на прочуеното селско востание на Губец кое одекнало и во Словенија. Со настапувањето на контрареформацијата, вриежот на општествено-политичкото и културното поле во Европа како да стивнува. Тоа се одразило и во нашите краишта. И во Хрватска језуитскиот ред ги пружил своите пипалки и систематски, дисциплинирано и упорно започнал да ја врши својата работа, при што главно средство му се средните школи кои и овдека ги отвараат и со помошта на кои се борат против реформацијата како и против секаква слободна мисла и секакво слободно творештво, а во духот на оджевеаната сколастика. Така била основана Језуитската академија во Загреб (1607), Доминиканскиот илирски завод во Сент Ангел (1921), Павлинската филозофија која потем станала академија во Лепоглава (1625) итн. Овие школи лиферовале папски борци, бранители на католицизмот и неговата идеологија против секаква „еретичка" помисла. Се јавуваат предавачи по разни филозофски дисциплини кои пишуваат книги за школски потреби во кои се обработуваат разните традиционални дисциплини повеќе неоригинално, а меѓу кои и логиката и рационалната психологија.

Како и кај Словенците и меѓу хрватските сколастичари пробива овде-онде и духот на новото време кое ќе триумфира во природната филозофија на нашиот великан Р. Ј. Бошковиќ. Во XVII век меѓу нив спаѓа дубровчанинот *Стјепан Градиќ*, папски советник кој пишувал

[20]) В. Vladimir Filipović, Filozofija renesanse, Zagreb 1956, gl. „XIV. Hrvatski renesansni mislioci u sklopu svjetske filozofske misli", str. 115—128, а за Влачиќ str. 124—125. В. од истиот и Kroatische Humanisten des 15. und 16. Jahrhunderts, Südost-Forschungen, Bd. XVII/1958, 1. Halbbd., SS. 31—45.

За овој раздел в. покрај веќе наведените статии и: Kruno Krstić, Filozofija u Hrvatskoj. Povijesni pregled, po. od zb. „Naša Domovina", Zagreb 1943.

дела од физика и математика и ја излагал филозофијата во духот на аристотелизмот[21]), *Вицко Комненовиќ* кој пишувал за логиката и моралната филозофија[22]), а за моќите на душата *Иван Бореа*, додека *Грго Арбиќ* пишувал за разни проблеми па и за логичките во духот на скотизмот[23]), а *Фрањо Јабрековиќ* дал целосен приказ на сколастичката филозофија[24]). Од фрањевците се прочул на Падовскиот универзитет *Матија Фрќе* кој со некои свои учења бил предмет на црковни осуди.

Од сколастичарите кои дејствувале во XVIII век бездруго треба да се спомене прочуениот

*Андрија Качиќ Миошиќ*
(1704—1760)

Тој бил долгогодишен наставник во фрањевачкото училиште во манастирот Застрог и во Шибеник. Овој фрањевачки калуѓер им особено значење за хрватската преродба со својот „Разговор угодни народа словинског" кој е пишуван во рационалистички дух.

За нас е важна неговата логика која под името „Перипатетички елементи според духот на најсуптилниот доктор Ј. Д. Скот" е издадена во Венеција во 1752 година[25]). Таа се состои од три книги и завршен дел. Делењето на три книги како и целата книга е даено според Дунс Скот, додека четвртиот дел е даден според вообичаеното делење на логиката од времето на прочуената логика на Port-Royal. Во тоа Качиќ е поблизок на логиката настаната по епохата на сколастиката која за логиката значи упадок зашто го запоставуваше третирањето на чисто формалната проблематика.

Во уводниот дел од својата логика тој зборува за три начина на кои дејствува човечкиот ум: примањето, судењето и расудувањето („simpliciter rem nempe concipiendo, judicando et raciocinando"[26]). Првиот начин го имаме кога стварите се сфаќаат без ништо кај нив да се афирмира или негира[27]), вториот кога за стварите нешто се тврди или негира[28]), а третиот кога од едно се заклучува на друго[29]). Според нив логиката ја дели на дел за терминот, за судот и за аргументот. Терминот го определува како „оној во кој се разложува исказот, како предикат и она за што се предицира"[30]). Во првата книга се зборува за мноштвеноста на логичките термини и разните видови термини, за нивните својства и начини на пројавување.

---

[21]) Тој напишал: Peripathetcae philosophiae pronuntiata.

[22]) Напишал: Appendix in universam Locicam; Commentaria super universam philosophiam moralem.

[23]) Напишал: Summulae P. Hispani ad mentem D. S. Joannis D. Scoti 1686.

[24]) Напишал: Philosophia peripathetica 1669.

[25]) Andrija Kačić Milošić, Elementa peripathetica juxta mentem suptilissimi doctoris Joannis Duns Scoti, Venetiis 1752.

[26]) Op. cit., t. 1.

[27]) Ibid.

[28]) Ibid.

[29]) Ibid.

[30]) Ibid.

Во втората книга се зборува за исказите. Исказот се определува како „говор кој значи вистинско или лажно; вистина дека *човекот е разумен*, лажно дека *лавот е разумен*"[31]) Понатаму се зборува за поделбата на исказите и тоа на категорички, модални и хипотетички. Следува оддел за спротивностите, еквиполенцијата и конверзијата на исказите и тоа прво на категоричките па модалните, за излагањата на исказите и нерешивоста, за начинот на бидување за да заврши со дефиницијата и делењето. Докажувањето (argumentatio) се определува како „говор во кој од еден исказ се заклучува друг; како *Петар е човек, значи е разумен*"[32]). Првиот исказ се наречува антецеденс, а вториот консеквенс, при што и „значи" се зема како составен дел на докажувањето така што во него разликува три дела. Консеквенцијата не е исказ, ами само знак дека нешто е заклучено[33]), затоа таа не требало да се нарече вистинска или лажна, ами само добра или лоша. Се зборува за правилата на доброто заклучување и неговите видови, за модусите и сведувањето на несовршените на совршените. за општите и посебните правила на фигурите како и за регулативниот принцип на силогизмот.

Во четвртиот дел се излага доказот (demonstratio) и неговите видови, се говори за прашањата, дијалектичките силогизми, топичките места, за софистичките силогизми и за погрешките.

Од кажаното може да се види дека кај Качиќ Миошиќ се преплетуваат концептуалистичкиот и номиналистичкиот аспект. Исказот се определува содржински, т. е. според тоа дека е вистински или лажен, а не според тоа дека нешто тврди или негира. Заклучокот се зема пошироко од силогизмот и нашиов логичар, останувајќи во рамките на сколастичкиот вид на логиката, него го смета за консеквенција. Меѓутоа, примерите покажуваат дека консеквенцијата тој не ја сфаќа како хипотетички исказ, како ја сфаќа Окам и другите сколастичари[34]), ами само како знак за заклучувањето, па затоа толку големо значење му придава на „значи". Не навлегувајќи во подробности, и од ова може да се заклучи дека логиката за која зборуваме завардила многу позитивни страни на сколастичката логика, но сепак претставува извесен упадок, губење на усет за формалното во логиката за што сведочат примерите на консеквенцијата. Сепак во однос на оние логики кои преовладувале во XVIII век таа содржи многу елементи кои на некој начинја отсјајуваат позитивната страна на сколастичарските логичари и не е чудо што стои повисоко од нив[35]).

---

[31]) Op. cit., p. 234.

[32]) Op. cit., p. 315.

[33]) Ibid.

[34]) B. Ph. Boehner, Medieval Logik, p. 55 и сл.

[35]) Недоразбирањето на сколастиката, а со тоа и на Качиќевата логика се огледа во критичкиот осврт: Disertacija Dr Bazale, Jugollovenska njiva, VII/1923, knj- I, str, 460—467.

Најзначаен наш научник и филозоф од оваа епоха, човек кој со својот гение ја пробил језуитска дреа и се наредил во редот на великаните на векот какви се Лајбниц и Њутон, создавајќи теорија која дури денес ги покажува своите високи предимства над сите други теории на неговите современици е

## РУЃЕР ЈОСИП БОШКОВИЌ (1711—1787)

Тој е роден во Дубровник. Во петнаесеттата година бил примен од језуитите во нивниот ред и пратен во Рим каде го завршил своето образование на Collegium Romanum и станал негов професор. Се бавел со различни науки и во таа смисла бил универзален дух: се истакнал како одличен математичар, физичар и астроном, градител и премерувач на земјините меридијани и филозоф. За своите заслуги се здобил со највисоки признанија: бил член на англиското Кралско учено друштво, професор во Рим, Париз и Павија, основател на опсерваторијата во Милано итн. Многу патувал и секаде бил приман со почит и признание.

Многбројни се неговите научни трудови. За нашата тема се најважни неговата знаменита „Теорија на природната филозофија"[36]) и забелешките на книгата на дубровчанинот Б. Стај (Стојковиќ) „Десет книги за современата филозофија во стихови"[37]).

Р. Ј. Бошковиќ во својата филозофија на природата, како тогаш се викала науката за најопштите закони и својства на природата, поаѓа, како и сам укажува во чл. 2 од своето главно дело, од теориите на Лајбниц и Њутон. Од првиот го усвоил учењето за првичните елементи како најпрости и нераспрострени делчиња, а од вториот теоријата за заемните сили меѓу телата кои се менат со промената на растојанието меѓу нив. Но Бошковиќ се разликува значително од обата: од Лајбниц со тоа што не допушта континуирана распространетост која кај него следува од последователните, нераспрострени точки кои се допираат една со друга. Бошковиќ ја одбива и идејата на Лајбниц за жива сила како и становиштето дека нема дејство на растојание. Од Њутон се разликува со тоа што изнесува сосема оригинално и во склад со современата на него физичка наука гледиште, имено дека на мали растојанија помеѓу материјалните точки чиј конечен број го сочинува секое тело, а се разликуваат од геометриските точки со тоа што имаат инерција и што се центри на сили, дејствува не само привлечната, ами и одбојната сила која бесконечно се наголемува со бесконечното намалување на растојанието меѓу точките, така што никогаш не може да се случи две материјални точки да се допрат. Со наголемувањето на растојанието помеѓу некои две мате-

---

[36]) Насловот гласи: Theoria philosophiae universalis redacta ad unicam legem virium in natura existentium, Viennae 1758, 2. izd. ibid., 1759 и 3. izd. Venetiis 1753. Според последново е и изданието на лат, и англ. превод Лондон 1922 од кое се и нашите цитати.

[37]) Насловот на оригиналот глас: Philosophiae recentioris traditae a Benedcto Stay libri decem cum adnotationibus et supplementis p. R. J. Boschovich, Romae, t. I 1755, t. II 1760 и t. III 1792.

ријални точки, учи Бошковиќ, одбојната сила се намалува сé додека не се поништи па и понатаму додека не мине во на неа спротивната сила, имено во привлечната која расте со растењето на растојанието на точките сé до некоја негова најголема вредност, кога со понатамошното наголемување на растојанието привлечната сила зафаќа да опаѓа сé до моментот кога ќе се поништи и ќе мине во одбојна сила. Така привлечната и одбојната сила со наголемувањето на растојанието помеѓу двете точки се менат една во друга повеќе пати. Кога растојанието ќе стане достатно големо, привлечната сила преовладува и понатаму само таа дејствува. Единствениот закон за привлекувањето и одбивањето од кој Бошковиќ ги изведува сите својства и дејства на телата се изразува со „кривата на Бошковиќ".

Така нашиов мислител создал вид динамички атомизам наспроти на механицизмот кој во тоа време преовладувал како во науката и пред сé во физиката, така и во материјалистичката филозофија. Иако атомите на Бошковиќ се нераспространи (отаде и називот за нив „динамити") и во таа смисла сметани за нематеријални, тие објективно постојат. Тие не се метафизички ами физички точки[38]) што лесно дејствуваат на нашите сетилни органи и возбудуваат кај нив некакво движење кое се пренесува во мозокот каде се создава осет.

Во врска со ова забележуваме дека учењето на Бошковиќ предизвика најразлични интерпретации како идеалистички така и материјалистички насочени. Не навлегувајќи во подробното разгледување на ова прашање ќе споменеме само дека прочуениот англиски филозоф и хемичар Пристли го протолкувал учењето на Бошковиќ материјалистички со што предизвикал остер одговор од самиот Бошковиќ кој бил претпазлив и му било до тоа да остане верен на доктрината на редот на кој му припаѓал. Тоа дошло до израз во писмото до Пристли[39]). Во овој случај, според нас, Бошковиќ отишол на компромис, но од друга страна, идеалистичко можело да се чини неговото учење и од становиштето на механистичкиот материјализам кој на материјалната гледал со очите на достигањата на науката од она време во која Њутоновата механика водела прв збор. Познато е, меѓутоа, дека Ленин за филозофскиот поим на материјата не сврзува ништо друго освен признание на објективната реалност која постои вон и независно од познавачкиот апарат на човекот и способна во него да се одразува или познава[40]). Во светлоста на ова и „динамитите" на Бошковиќ се на линијата на материјализмот.

Меѓутоа, несомнено е и тоа дека Бошковиќ не само што не бил доследен материјалист, туку тој на материјализмот му се спротивставувал. Така тој во своето писмо до Пристли инсистира на додатокот кон

---

[38]) В. Б. М. Кедров во История философии, т. I, стр. 658.

[39]) В. писмото на Пристли до Р. Ј. Бошковиќ од 19 август 1778 и одговорот на Р. Ј. Бошковиќ на француски од 17 октомври 1778 кои се објавени од V. Varićak, Drugi ulomak Boškovićeve korespondencije, Rad JA, knj. 193/1912, соодв. на стр. 206—208 и 208—210. Преводите се дадени во: Dušan Nedeljković, Džozef Pristli, Rudjer Bošković i materijalizam, zb. Rudjer Boškovik u svom vremenu i danas, Kultura — Beograd 1961, str. 81—86.

[40]) В. И. Ленин, Соч. изд. 4., т. 14, ОГИЗ 1947, стр. 133.

своето главно дело со наслов „За душата и бога". Таму се застапува за разликата на духот и телото. Според Бошковиќ, едни душевни појави какви се перцепциите во кои спаѓале осетите и директните идеи, изникнуваат преку воздејството на надворешната телесна супстанција врз душата која е наполно различна од првата, додека другите душевни појави какви се мислењето и волјата изникнуваат со помошта на специфичната дејност на душата „која е една многу различна сила"[41]). Отаде и врската на душата и телото е од поинаква природа одошто тоа е случај со врските на материјалниот механизам[42]).

Р. Ј. Бошковиќ е решително против субјективистите. Тие „не би пишувале и публикувале книги, или не би се обидувале да ги поткрепат своите теории со докази, а да не се наполно убедени дека надвор од нас постојат оние кои ќе го читаат она што тие го напишале и објавиле во печатна форма"[43]).

Меѓутоа, нашиов филозоф смета дека сите квалитети се субјективни иако се причинети од надворешниот свет кој дејствува врз нашите сетила. Отаде за него во голема мера е карактеристичен феноменализмот кој води во агностицизам и пробабилизам. Ова гледиитте, кое според некои свои црти, ни го напомнува Кант, е мошне интересно, зашто покажува дека Бошковиќ раскинал со сколастиката и се изјаснил за филозофијата на новото време. Не треба да заборавиме дека и Декарт почнува со сомнението во својата теорија на познанието. Може да се каже и тоа дека Бошковиќ е поголем антидогматичар во теоријата на познанието одошто многу славни филозофи. До своето гледиште тој дошол врз основа на учењето дека сé во светот и кај човекот е во движење, менење и развивање. „Навистина — вели тој — нема ништо постојано и цврсто во стварите, ништо во овој вид нешта наполно извесно"[44]). Отаде она што е во нив суштинско не можеме да го познаеме. На човекот му е својствено да се мами, да лида на патот на познанието, да паѓа во заблуди. Всушност, патот на познанието е пат од помал кон поголеми заблуди. На човекот му е дадено се помалу да лута, а не нималу да лута"[45])

---

[41]) Theoria philosophiae naturalis, čl. 526.

[42]) Op. cit., чл. 533.

Ова ја навело Алма Содник да го нарече становиштето на Р. Ј. Бошковиќ, *дуалистичен динамизам* со што се разликувал од Лајбницовиот *монистички динамизам* и Њутоновиот *динамистички механизам*, нагласувајќи го оригиналниот пат со кој дошол до него (в. Vpliv Boškovićeve prirodne filozofije itn., Razprave SAZU, filoz.-fil.-istor. razr. za 1943, I, str. 4M5). И Недељковиќ го нагласува дуализмот на Р. Ј. Бошковиќ во својата дисертација (в. La philosophie naturelle et relativiste de P.-J.. Boschovich, Paris 1922, p. 94 i sl.) иако на другите места вели дека неговата теорија била чист математичкк идеализам (слагајќи се со лорд Келвин), дека неговата филозофија била наполно идеалистичка (в. op. cit., p. 101 заб. 1 и p. 124). Подоцна Недељковиќ застана на становиштето дека теоријата на Боковиќ е одржива само од материјалистички позиции (в. статијата: Џозеф Пристли итн., op. cit. зб., стр. 87).

[43]) Theoria итн., чл. 527.

[44]) „Nihil sane et creatis habemus firmum, ac srabile, nihil in eo rerum genere omino certum". Vo „Pilosophiae recentioris itn.", t. I, čl. 635. Cit. po Dušan Nedeljković, La philosophie naturalle itn., p. 13.

[45]) „Ilud homini est datur ut minus errat, non ut omino non errat". Vo „Opera omnia Pertinentia ad Opticam et Astronomiam, t. IV Opusculam I, čl. 26. Cit. po op. cit., p. 15.

Од тоа следува дека вистината и заблудата не се разделени со бездна, ами се неодвоиви една од друга. Отаде кај Бошковиќ удобноста е еден од критериумите за прифаќањето на хипотезите. Една теорија е поприфатлива, ако е поудобна од другите. Не можејќи во практиката да го долови критериумот на вистината, тој се решил за принципот на удобноста кој кај конвенционалистите ќе игра голема улога. Затоа тие Бошковиќ многу го ценат''[46]). Со тоа нашиов филозоф е не само антиципатор на современата теорија на релативитетот, туку и на една сосема модерна теорија на познанието. Меѓутоа, при ова не смее да се заборави фактот дека за Бошковиќ е реалтивно и несовршено само човечкото познание. Бог, на кого му посветил специјален додаток во своето главно дело за да го докаже неговото постоење, е оној што со апсолутна моќ, мудрост и волја управува со светот. Индивидуалното не може да се определи од човекот, туку само од бога кој е „надарен со бесконечна моќ да познава и разликува каква што е нужна за да се определи една индивидуална состојба од бесконечниот број што и припаѓаат на една иста класа''[47]).

Ваквата и другите недоследности што можат да се најдат кај Бошковиќ се несомнено последица како на состојбата на науката во неговото време (така не треба да се заборава дека Њутон од законот на гравитацијата го изведувал постоењето на бога), така и на општествено-идеолошката позиција која тој ја завземаше како член на језуитскиот ред. Но величината негова и се состои, помеѓу другото, во тоа што успеал со својот гение да се пробие низ страшните ограничености на својата објективна положба, да заблиста као научник и да придонесе во разбивањето на позициите на силите на мракот и реакцијата на кои тој требаше да им служи[48]).

Сколастичката филозофија во Хрватска продолжуваше и понатаму да живурка во текот на XV II век па и во следниот век. Така Фрањо Марковиќ го споменува Стјепан Божиќ од Дубровник кој на латински издал прирачник по логика кој е напишан според малку познатиот автор Алштет[49]), како и редица други на кои ние овдека нема да се запираме[50]).

---

[46]) B. Dušan Nedeljković, Rudjer Bošković i Hanri Poankare, во zb. Rudjer Bošković itn., str. 64—74.

[47]) Theoria итн., чл. 544.

[48]) Библиографијата на трудовите на Р. Ј. Бошковиќ е дадена кај Rački, Rudjer Bošković. Životopisna crta, Rad JA, knj. 87—88, 90/1887—1888, str. 1—100. како и во Spomenica Rudjera Josipa Boškovića, Dubrovnik 1910, str. 19—22. В. и предговорот на Душан Недељковиќ на Руђер Бошковиќ, Teorija prirodne filozofiej (Osnovni tekst), Kultura — Beograd 1958, стр. 9—10.

За теоријата на познанието на Р. Ј. Бошковиќ в. Dušan Nedeljkovik, La philosophie naturelle итн., и зб. Руђер Бошковиќ итн. како и Alma Sondik, Vpliv Boškovićeve prirodne filozofije итн.

Литература за Р. Ј. Бошковиќ в. Enciklopedija Jugoslavije, t. 2, str. 158—159.

[49]) Нејзиниот наслов гласи: Clavis artis Lullianiae et verae logicae, 1609.

[50]) За сколастичката филозофија во Хрватска в. St. Zimmermann, Historiski razvitak filozofije u Hrvatskoj како и бројните статии на Ante Božitković: Život i rad fra Bartula Ribarovića, Letopis JA, sv. 39/1924 i 1925, str. 112—118; Naši filozofski,

Од друга страна, реформите на Марија Терезија и Јосиф II за кои стана збор имаа далекусежни последици во социјалниот и културниот живот од Хрватска какви се ослободувањето на селаните од кметската зависност, укинувањето на многу манастири и изземањето школите од рацете на редовите, јакнењето на граѓанската класа и опаѓањето на моќта на благородништвото. Ова предизвика интерес за просветителските идеи кои во Хрватска се манифестираат во мошне умерена форма. Во филозофијата во овој период немаме остварувања кои заслужуваат да се спомена. Тогаш се јавува критички однос кон претставителите на црквата, популарна просветителска литература од типот на „Сатир" на Матија Антун Рељковиќ со дидактичка цел да се поведе борба против предрасудоците и суеверието.

## 4. Теоријата на познанието и формалната логика кај Србите до XIX век

Турската инвазија го прекина општествениот и културниот развиток кај Србите кој во XV век покажуваше знаци на извесна претхуманистичка епоха која нашла полн израз кај *Константин Филозоф*. Во неговите творби некои автори гледаат „зора на нашата духовна преориентација", „некое предренесансно наслутување"[1]). Дури во XVIII век настанува поволна историска ситуација во која имаме преродба на српската култура врз една сосема поинаква основа од онаа во средниот век. Затоа српската филозофска традиција не оди така длабоко како онаа во Словенија и во Хрватска.

Меѓутоа, како покажуваат најновите иследувања[2]), и кај Србите имаме слична појава како и кај Словенците и Хрватите: немајќи услови да се занимаваат со филозофија на своето родно тло, тие во друга средина, имено во Русија покажале дека се способни да ги опробуваат своите сили и да постигнуваат резултати и на ова поле. Така *Макарие Петровиќ* (1734—1765), Србин од Темишвар, е наставник на Духовната академија во Москва, ректор на семинаријата во Твер и наставник по реторика, филозофија и теологија. Тој ја напишал првата логика на руски јазик од чии три ракописа само еден е заварден наполно. Како покажува разгледувањето на оваа логика[3]), таа претставува прирачник кој настанал од преработката на тогашните логики од епохата на просветителството. Тука е видно влијанието пред сè на Лајбниц-Волфовата школа како и на приврзаниците на Декарт. Така Макарие Петровиќ се здобил со голема заслуга за изразботката на руската филозофска и поспецијално логичката терминологија.

---

pisci, Bogoslovska smotra, XIII/1925, str. 160—173, 365—371; Fra Ivan Turiв, ibid., str. 501—502; Letopisne bilješke, ibid., XIV/1926, str. 220—224; Prilozi za povjest filozofije u franjevačkom redu, ibid., XIX/1931, str. 448—453.

[1]) Ирена Грицкат-Радуловиќ, Константин Филозоф. Значајна личност шнаега средњег века очекује праведни суд историје, Политика, 19 мај 1963, стр. 22.

[2]) Andrija Stojkoviв, Makarije Petrović, pisac prve logike na ruskom jeziku, Filozofija, III/1959, бр. 3—4, стр. 126—138.

[3]) Op. cit., стр. 132.

Пресврт во историската, општествено-политичката и културната ситуација настанува со преселувањето на Србите преку Дунав и Сава потем неуспешните походи на Австрија против Турција. Најголема преселба се изврши 1690 година кога во Унгарија пребегнаа околу 100.000 души. Таму Србите образуваа компактно население на кое му беа признаени верски и извесни, иако неопределени, политички права за обврската да ја брани границата од Турците. Овие преселници станаа најнапреден српски елемент. Меѓу нив имало многу трговци и занаетчии кои станале главни носители на националните стремежи, бидејќи малубројното благородништво набргу се изродило. Растурени по градовите од Земун до Будим, тие, цврсто организирани во своите здруженија, се здобиваат со извесна автономија и право на деловност што им донесува богатство и стремеж за културно издигање. Постојано во борба против асимилаторската политика на властите како и против католичката црква која настојуваше да ги поунијати, кај нив јакне националната свест, тие се збиваат околу црквата, чие влијание постепено опаѓа, а нејзините претставители се повеќе се оддаваат на безделништво и празен живот кој предизвика оправдана критика. На иницијатива на граѓанството почнало да се отвараат школи за чие отварање и организирање се бара помош од Русија од каде доаѓаат книги и учители. Се јавуваат и првите српскословенски писатели кои се сврзани со црквата и во тој поглед трпат големо влијание од неа. Нивниот поглед на светот уште не излегол од средновековните рамки. Со *Захарија Стефановиќ Орфелин* Србите се здобиваат со „прв проповедник на рационализмот" кој барал употреба на народниот јазик и почнал да употребува граѓанска азбука и во однос на идеите бил претеча на Доситеј Обрадовиќ, а во однос на народниот јазик претеча на Вук Караџиќ[4]).

Но новото време на рационализмот кое прекинува со црковната идеологија и го прогласува разумот за врховен судија во познанието и практичкото дејствување кај Србите се зацврстува за владеењето на Јосиф II со неговите реформи кои во социјален однос (ослободување на селаните) и во верски однос (прогласување верска толеранција) значеле крупен чекор напред за Србите преку Дунав и Сава. Тогаш се јавува и првиот српски филозоф, решителниот рационалист, човекот кој неуморно работел за подигањето на просветата кај широките народни маси и дигнал глас против „ѕвонците и прапорците", личност која огромно ја задолжила српската просвета и култура имено

## ДОСИТЕЈ ОБРАДОВИЌ
(1742—1811)

Тој настојувал „просвештение разума и свет ученија" да достигнат „и до сељана, преподавајуќи се најпростием народу и чобанам"[5]). Со него почнува модерната српска филозофија. Патувајќи по светот тој

[4]) Јован Скерлиќ, Историја нове српске књижевности, 3. изд., Београд 1953, стр. 63.

[5]) Доситеј Обрадовиќ, Дела, 5. изд., Београд 1911, стр. 4.

Идеите на Доситеј за теоријата на познанието и логиката се растурени по не-

се здобил со големи познанија. Филозофскио образование добил на своите патувања по Европа и тоа пред се во Хале каде 1782 годинансе запишал на универзитетот и слушал филозофија, естетика и природна филозофија кај волфовецот Еберхард кој бил противник на Кант. Еклектичар и неоригинален филозоф Доситеј Обрадовиќ постапувал како и сите тогашни рационалисти на кои не им било до тоа да создаваат нови системи, туку оринетирајќи се на она што веќе било создадено од рационалиститe, т. е. филозофите кои разумот го ставале во центарот на своите размислувања и користејќи се со нивните достигања, се стремеле тие да ги систематизираат и поврзат во целосен макар и еклектичен систем (каков е случајот кај Карпе од Словенците) или да ги изложат на начин достапен за народот и со тоа просветителството да добие многу поширока социјална база. Доситеј имено си ја поставил оваа втора задача и неговата историска заслуга е што тој во една примитивна средина се зафатил да ги всадува идеите на просветителството во кои, наспроти на црковната ограниченост, се открива царството на разумот, со што решително се придонесува за нејзиното култивирање и приопштување кон современата Европа и нејзините напредни струења наспроти на реакционерната ориентација на православството и православната царска Русија.

Доситеј Обрадовиќ многу ја ценел науката, бидејќи „секоја наука — како вели тој — содржи некоја вистина", а „човекот природно сака да ја познае вистината"[6]). „Сета слава на науките — нé убедува Доситеј — се состои во просветувањето на умот и во разумното управување со срцето"[7]). Тоа значи дека науката и знаењето не ги цени Доситеј само заради вистината, ами и заради користа која ја пружаат. „Највисоките и најубавите науки од благоупотреблението кое со нив се чини, ја добиваат својата сјајност, достоинство и цена"[8]). Во оваа смисла Доситеј ја цени логиката и метафизиката кои „го просветуваат и развиваат умот"[9]). Посебно треба да се изучува логиката во училиштата покрај историјата, географијата и „наравноучителната" филозофија. Таа, логиката, на учениците „ќе им го покаже патот и начинот (на дејствувањето — J. J.) на умот за сé правилно и разумно да мислат и расудуваат."[10]) Диситеј бара човекот посебно и народот во целост „секоја ствар да ја мери, суди и расудува, следувајќи им на правилата на здравиот разум."[11]) Тоа се однесува и за искуството кое добива вредност на вистинско познание кога ќе се потврди од разумот[12]).

Но кај нашиов мислител имаме често недоследности. Тој, од една страна, тврди: „Вистината не може да биде вистина, ако во неа е помешана најмалку лага. Или мора да биде сосема цела вистина или

говите списи, а пред се во „Совјети здравога разума", Лајпциг 1784.

[6]) Op. cit., стр. 316.

[7]) Op. cit., стр. 317.

[8]) Ibid.

[9])Ibid.

[10]) Op. cit., стр. 103.

[11]) Op. cit., стр. 45.

[12]) В. op. cit., стр. 111 и 112.

е лага", а е убеден дека „разумно мислејќи и расудувајќи и што е од што не е разделувајќи, можеме кон чистата вистина да дојдеме.[13]") Од друга страна, не преодолувајќи ја нагјолемата предрасуда — верата во бога, тој се бори против матеирјализмот на француските филозофи, а пред се на Ламетри[14]) и тврди дека на човекот кого го создал бог „не му е дадено сé да види и да знае", тоа му е дадено само на неговиот творец[15]). Ваквите отстапки, кои кај Доситеј ги има не само во филозофијата туку и во политиката, се плод на нашите неразвиени прилики, а пред сé на компромисноста на српската граѓанска класа во Војводина на која Доситеј и припаѓал. Сепак, верата во разумот, во неговата сила и сувереност преовладува над другите елементи во Доситееviot поглед на светот.

Во областа на теријата на познанието Доситек разликува две значења на терминот „вистина". Првото значење се состои „во совршената согласност на она што се зборува со она со што се зборува", а кај второто: „се состои сопствено правата и вечната вистина во совршената согласност на она што се зборува со она за што се зборува."[16]) Бидејќи кај него говорењето и мислењето се поклопуваат, „естествената, вечната, божествената вистина која никогаш не може поинаква да биде" се состои во согласноста на мислењето со мислењето. Таквите вистини се математичките и етичките како и теолошките. Дури сите својства божји „врз вистината се засновани; и од самото суштество на вистината се докажува божјето суштество."[17]) Така и бог треба да стапи пред судот на разумот. Има основа да се тврди дека Доситеј разликува „божествена и природна вистина"[18]) но тоа нема онакво значење, да речеме, како кај Бекон, за со теоријата за двојствената вистина да се огради филозофот од непријатното вмешување на теологијата и теолозите во неговите размислувања, бидејќи тој на ова делење не му придава особена важност.

Интересна е јазичката определба на вистината што ја дава Доситеј. Таа наспомнува на начинот на определбата на вистината на современиот филозоф Хајдегер, само што овој поаѓа од грчкиот збор „alḗtheia", што ќе рече алетовање, вадење од Лета, реката на заборавот од грчката митологија. Со тоа оваа дефиниција потсетува на Платоновата „anámnēsis". Доситеј, меѓутоа, поаѓа во својата дефиниција од словенскиот збор „јест". Тој вели: „Во нашиот јазик *вистина* јавно произходи од *е* (јест). Она што е (јест), не може да не е (да није), и според своето естество *е* (јест) мора да биде тоа истото, т. е. вистинито, што во самата стварност е."[19]) Отаде се изведува заклучок дека вистината е

[13]) Op. cit., стр. 113.

[14]) В. Jovan Deterić, Dositejev stav prema materijalizmu, Filozofija, V/1961, br. 2, str. 67—74.

[15]) В. Дела, стр. 324.

[16]) Op. cit., стр. 455.

[17]) Ibid.

[18]) Op. cit., стр. 456.

[19]) Текстот на оригиналот гласи:

„У нашем језику *истина* јавно происходи од *јест*. Оно што јест, не може бити да није, и по својему јестеству *јест* мора бити то исто, сиреч истинито, што у самој вечти јест." (Op. cit., стр. 460—461).

„една проста", а човечкиот разум кај сите луѓе ист. При тоа настанува мошне правомерното прашање: „Ако вистината е кај сите луѓе една и иста, тогаш откаде произлегуваат несогласијата на луѓето во одговор на разни прашања и во решавање на прашањата? Според Доситеј, луѓето се сложуваат во „простите искази во кои сите зборови чисто се разбираат, она што се содржи во зборовите се наоѓа во таков склад со зборовите што никој кој умерено да расудува може, не може во тоа со другите да не се согласува." „Во пошироките пак и позаплетени зборови и претстави — продолжува Доситеј — не може оваа сличност на нашите мненија да се очекува."[20]) Сетилата и едностраностите се еден од изворите за несогласноста, т. е. невистината. Така тој пишува: „Кој гледа една кула од близу гледа дека е четириагална, а кој ја гледа од далеку му се чини округла. Едни ја гледаат од едната страна, а други од другата, а малу кој се става во положбата да може од сите страни да ја разгледува."[21])

Понатаму, Доситеј учи дека несогласностите произлегуваат и од семантички причини. „И што е најкуриозно — сосема исправно забележува нашиот рационалист — едни мислат, но тоа рзлично кажувајќи го не сакаат да се разберат, туку стојат та се инатат за љубовта на самиот инат."[22]) И недостатното искуство, незнаењето, предрасудите и суеверието се причина на заблудите. Но особено внимание Доситек му обрнува на моралниот момент. Според него, во човекот „две сосема различни и несогласни се наоѓаат души кои во постојано противоборство, немир и војна живеат. Едната е добра и разумна ,а другата е пакосна и лоша и сосмеа лоша и избувлива." Секој човек може да се залажува и заблудува, да тргне по советот на лошата душа па да залида по кривите патишта на поведението и нознанието. Отаде произлегува барањето на толеранцијата во просудувањето на туѓите гледишта за да не би да ги проценуваме во крива светлина, „да сме пресретливи (лахкосни), умерени и праведни, да се исправиме еден другиот и да не го осудуваме блискиот во она што сме и самите за осудување достојни." Само бог, тој вечен ум[23]) можел да биде „сосовршен праведен" судија, „зашто тој сам се знае, нити некој може да го подмити нити прелаже."[24])

Не можејќи да даде земски критериуми за вистината која се сфаќа само како апсолутна па затоа за релативниот човек недостапна. не увидувајќи ја дијалектиката помеѓу апсолутната и релативната вистина, одот на познанието од заблудата кон се поголема вистина и се помала заблуда, Доситеј нужно прибегнува кон бога како кон критериум на вистината кој ќе решава суверено во оваа област, како што прибегнува кон него за да ја објасни целосообразноста и хармонијата во устројството на светот. Во тоа тој не се разликува многу од оние кои денес докажуваат дека нема бог, отфрлајќи каква и да е хармонија, каква и

---

[20]) Op. cit., стр. 461.
[21]) Ibid.; в. многу добро за едностраноста и стр. 462.
[22]) Ibid.
[23]) Cé ibid.
[24]) Op. cit., стр. 462 .

да е законитост во светот[25]). Впрочем, и механичкиот материјализам не може светот да го познае како causa sui ами нужно прибегнува кон бога како кон првиот двигател. Единствено во светлината на дијалектичкиот материјализам можат да се избегнат недоследностите на рационалистичкиот теизам и деизмот па било тој да ни се претставува како идеализам или материјализам.

Од главата до петиците просветител, од дното на своето човекољубиво суштество Доситеј мораше да бара разумност и складност во светот, кај луѓето и кај нивниот ум. Решителен борец против човечките заблуди, тој смета дека е достатно да засјае вистината па на нејзината сепобедна светлина да исчезнат сите темни сили кои се непријатели на човештвото, зашто, како би рекол рационалистот и просветителот Спиноза, таа е index sui et falsi. Затоа тој се зафати со самопрегорната работа да просветува, да учи и да ги учи другите да ја усвојува и да ја шири науката. Тој беше ги запознал многу добро луѓето и нивните добри и лоши страни, затоа ја сфати и нивната ограниченост па извлече од неа еден мудар заклучок: луѓето не знаат еднаш за секогаш што е вистина, тие се склони да грешаваат, затоа треба да сме трпеливи кон слабостите и заблудите на другите, да сме толерантни во проценувањето на верата и обичаите, мислењата и убедувањата. Слабостите на Доситеј се слабости и на епохата чиј добар и достоен син бил и тој. Тоа се слабости на неразвиените српски прилики, кои споредени со европските имало уште да се развиваат и унапредуваат. Неговата сила беше во тоа што тој се зафати да го решава она што беше во неговата епоха назреало за решавање: преодолувањето на примитивизмот, робувањето на севозможните заблуди, сеуверијата на народот кој чамеше под феудалното и туѓинското ропство национално распокинат и несвесен. Тој се зафати со огромната задача: европската прогресивна мисла да ја пресели на српско тло и Србите да ги приопшти кон Европа. Иако е тој далеку под Волтер и Русо по силата на умот и оригиналноста, секако има прво Милан Кујунџиќ кога вели дека Доситеј е од првиот понапред со чувството, а од вториот со својата општителност, присност и срдечност во поведението со што Рисо не се одликувал[26]). Правото место на Доситеј го определи Скерлиќ кога рече дека тој „е прв рационалист и слободен мислител во српскиот народот и „најрадикален застапник на идеите на просветилноста кај Јужните Словени" (др. Матија Мурко).[27])

[25]) В. Иван Фохт, Постоји ли светски ум, Политика, 13 јуни 1962.

[26]) В. Милан Кујунџић, Философија у Срба, Гласник Српског ученог друштва, књ. VI, св. XXIII, 1869, стр. 237.

[27]) Јован Скерлић, Историја нове српске књижевности, стр. 94.

За философијата на Доситеј в.: Милан Кујунџић, Философија у Срба, Гласник Српског ученог друштва, књ. VI, св. XXIII, 1868, стр. 177—239; Милан М. Јовановић, Доситеј као филозоф, Летопис Матице српске, CXIV/1940, књ. 354, св. за јули и август, стр. 36—55; Милан Шевић, Доситеје Обрадовић, српски просветитељ из XVIII-ог века, Доситије, I/1889, св. 4, стр. 6—7, св. 5, стр. 5—7, св. 6, стр. 6—7, св. 7, стр. 6—7, св. 8, стр. 4—6, св. 9, стр. 5—6, св. 10, стр. 4—5; од истиот, Доситије и Русо, Бранково коло, XVII/1911, св. 17, стр. 270; Milan Šević, Dositeus Obradoviв, ein serbischor Aufklarer des XVIII, Jahrhunderts, Neusatz 1889.

Исцрпна библиографија на трудовите на Доситеј в. Сабрана дела, т. III, Београд 1963, стр. 619—636 и за литература за него на стр. 637—724.

*Josifovski Jonče*

## SUMMARY

This is a summary of a bigger piece of work, actually of its preface and introduction. The title of the work is: ,,The Theory of Recognition and Formal Logic of Jugoslav Peoples in the Period from the XIX to the World War II".

In the preface are presented common and special assumptions of a history of philosophy with special emhasis on the history of particular diisciplines, such as the theory ol recognition, for which the formal logic was cosidered. Special attention has been paid to the problem of possibillity of existance of a national history of philosophy, about which arguments for and against it are presented. Further on the subject of the work is the importance of a history of philosophy of Yugoslav peoples for their national affirmation and curtulal develooment. The author has a conception that the only philosophical activity of peoples that is expressed in national languages can be and must be taken in cosideration. However those authors who because of unfavourable political conditions lived somewhere else and wrote in foreign languages, but who had made cosiderable contribution to the field of philosopy and culture in general, cannon be left apart. Their actuvity has to be cosidered as a preceding activity of that expressed in national languages, as works written in national language has greater influance on coomon people for improvemnt of their education in the field of philosophu and culture in general. Scholars who have been of importance for world's philosophu will be cosidered one's own after their works have been translated in national languages. Against the conception which has been in some discussions and histories of philosophy, the author considers, when writing a history of philosophy of his people, that only those works writen by experts, and dealing with philosophical subjects must be taken in consideration. At the end of the preface is discussed the way in which the problem will be presented namely, in four circles: Serbian, Croation, Slovene and Macedonian in its intetial form; inside the circles it will be presented chronologisally.

The introduction deals with the theory of recognition and formal logic among Yugoslavs untill the XIX century, im fact among Serbs, Croats, and Slovenes. Special attention has been paid to the important

scholars in the field of philosophy such as Hvale, Karpe, Mislej among Sloveres, Dragišić, Petrić, and Bošković among Croats, and Dositej Obradović among Serbs. Of special inerest is the possibility of making comparision between some concepcions of logic and logic laws of Mislej and those of respesentatives of contemporary intuitional logic (Brouver, Heyting and others). It also represents great interest the logic of Dragišić, which following the scolastic logic is above the low level of so called traditional logic that since the Renaissance up to the XIX the centry had overwhelmed in Europe, the level of wlich has not been overpassed by our contemporary logic either. The author expesses the necessity of a thorough investigation of it in the light of contemporary conception of history of logic. The importance of philosophy of Petrić is especially emphasied; as wéll as his great influence on the conception of renaisance; special attention has been paid to the conceptiou of Bošković and his theory of „dynamites" and his probabilism. As for Dositej Obradović, his conception of truth is analysed, while particularites of his rationalism are emphasized.